СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Педесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 17 јули 1996 година

Скопје, јули 1996 година

**50 СЕДНИЦА НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**ОДРЖАНА НА 17 ЈУЛИ 1996 ГОДИНА**


Дневен ред на стр.33

точка 1 на стр.64
(Интерпелација за работата на членот на Владата и министерот за внатрешни работи Г-дин Томислав Чокревски)

1. АРСОВСКИ БРАНКО -стр.12
2. АБДИ ФАИК - 56
3. АЈДАРАГА ГАЗМЕНД - 61
4. ВИДИМЧЕ КИРЕ - 59
5. ДАНЕВСКИ СЛ0Б0ДАН - 9, 10, 58
6. ЖУТА БЕКИР - 21
7. КАРОВ ИЛИЈА - 8
8. КОТЕВСКИ СЛАВКО - 24
9. КОЦЕВСКИ АЦЕ - 32, 97
10. КРСТЕВСКИ ЗОРАН - 64
11. КОВАЧЕВСКИ СТОНЧЕ - 95
12. МИЉОВСКИ ЈАНЕ - 5, 13, 31, 43, 44, 58
13. МИНОВ ПАНЧО - 71
14. НАЈДОВСКИ СЛОБОДАН - 18, 20, 22, 23, 24, 25, 30, 31, 32
15. ОСМАНИ РУФИ - 12, 45, 48, 49, 84, 86, 94, 96, 97
16. ПЕЦОВ МИРКО-83
17. ПЕТКОВСКИ ТИТО-1
18. ПОПОВСКИ ВЛАДО - 54
19. ПРУСИ АБДУРАУФ - 82
20. РАМАДАНИ ИСМЕТ - 3
21. РАМАДАНИ ХИСЕН - 4, 11, 56
22. РАМАДАНИ САЛИ -50,55,56
23. ХАСИПИ КЕНАН - 62, 63
24. ЧОКРЕВСКИ ТОМИСЛАВ - 15, 16
25. ШАКИРИ ХИСНИ - 25, 37, 38, 40
26. ШАПУРИЌ ЗОРАН - 41, 44, 45, 76, 78, 80


СЕДНИЦАТА ПРОДОЛЖУВА!

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

## од Педесеттата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 17 јули 1996 година

Седницата се одржа во просториите на Собранието на Република Македонија (сала број 1), со почеток во 14,30 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше Тито Петковски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дами и господа пратеници, ја отворам Педесеттата седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Митко Илиевски, Дане Милошевски, Митко Ристевски, Драган Ѓорѓиев, Иван Бојков и Зоре Темелковски ме известија дека од оправдани причини не се во можност да присуствуваат на седницата.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

На седницата се појаснети претседателот на Републиката господинот Киро Глигоров, претседателот и членовите на Владата на Република Македонија и претседателот на Врховниот суд на Република Македонија.

Записниците од 42-та, 43-та, 46-та и 48-та седница на Собранието на Република Македонија ви се доставени.

Дали некој од пратениците има забелешки на записниците? (Нема).

Констатирам дека записниците од 42-та, 44-та, 46-та и 48- седница на Собранието на Република Македонија се усвоени без забелешки.

Комисијата за здравство предлага дневниот ред за оваа седница да се дополни со предлози на одлуки за давање согласност на Статутот

на Јавната здравствена организација, Републичкиот завод за трансфузиологија - Скопје, Статутот на Јавната здравствена организација Здравствена станица "Железара" - Скопје и Одлуката за промена на називот на Здравствениот дом "Ростуше" - с.Ростуше.

Предлозите на одлуките ви се поделени.

Кој е за предлогот на Комисијата, молам да крене рака? (58 пратеници гласа за).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласањето? (Никој).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага на оваа седница да биде разгледан Предлогот на одлуката за основање на пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Саборот на Република Хрватска.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (69 пратеници гласаа за).

Дали има некој против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага на оваа седница да биде разгледан Предлогот на одлуката за изменување на Одлуката за основање на пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Парламентот на Република Словенија.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (68 пратеници гласаа за).

Дали има некој против? (3 пратеника).

Дали некој се воздржува од гласање? (Никој).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

I/3.-

Комисијата за прашања на изборите и именувањата предлага на оваа седница да биде разгледан Предлогот на одлуката за разрешување од функцијата претседател на Комисијата за прашања на изборите и именувањата.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (72 пратеника гласаа за).

Дали има некој против? (Два пратеника).

Дали некој се воздржува од гласање? (Три пратеника).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Пратениците Хисен Рамадани, Џеладин Мурати и Сали Рамадани поднесоа барања Владата да изготви информација' за труењето на учениците од средното медицинско училиште "Никола Штејн" од Тетово, во хотелот "Галеб" во Струга и таа да биде разгледана на седница на Собранието.

На 49-та седница на Собранието на Република Македонија, пратеникот Џеладин Мурати побара Информацијата да биде разгледана на оваа седница.

Денес Владата на Република Македонија ја достави Информацијата и таа ви е поделена.

Кој е за предлогот на пратеникот Џеладин Мурати Информацијата да биде разгледана на денешната седница, молам да крене рака?

Господинот Исмет Рамадани има деловничка интервенција.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници бидејќи господинот Џеладин Мурати не присуствува на оваа седница, а исто така неговото барање беше и затоа да се добие информација и од Министерството за внатрешни работи. Ние таква информација од Минис-терството за внатрешни работи немаме. Пратеничката група на ПДП е

на мислење да се добие од Владата на Република Македонија интегрална информација каде што и од Министерството за здравство и од Министерството за внатрешни работи ќе биде составена и тогаш да расправаме за таа информација. И бараме да не се расправа на оваа седница, туку на наредната седница кога ќе биде комплетирана и со информација од Министерството за внатрешни работи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Овде вие не сте еден од предлагачите. Господинот Хисен Рамадани, Џеладин Мурати Сали Рамадани се предлагачи. Може само да гласаме по предлогот на предлагачите, а овој ваш предлог да го имаме во вид за следната седница на Собранието.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Еден од предлагачите, односно еден од тие што барале таква информација е и господинот Џеладин Мурати.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Токму така, меѓутоа тој е отсутен денес од седницата. Во тоа е проблемот.

**ИСМЕТ РАМАДАНИ:**

Јас во името на парламентарната група.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Хисен Рамадани е еден од предлагачите. Има збор господинот Хисен Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Со оглед на актуелноста на проблемот мислам дека се одолжи малку со добивање на оваа информација, но бидејќи се одолжи мислам

дека имаат право претставниците на ПДП кога инсистираат, сепак нека биде комплетна бидејќи и< тогаш и од Владата бевме обавестени дека треба да биде комплементарна таа информација. Затоа и јас предлагам како тогашен предлагач и сега тоа да биде заедно на наредната седница што ќе се одржи на 24.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Јас само сакам да ве потсетам дека Информацијата е од Владата на Република Македонија и дека во неа се инкорпорирани поединечните информации кои што се добиени од поединечните министерства. Тоа значи ако ја погледате ќе видите дека во текстот се цитира и Информацијата од Министерството за внатрешни работи и од Министерството за здравство.

Што се однесува до тоа кога ќе ја гледате, апсолутно мислам не сакам да сугерирам, тоа е ваше право, според вашите желби и интереси. Меѓутоа сакам само да укажам на тоа дека Владата ви дала комплетна Информација заедничка, значи на сите министерства кои што се одговорни за покривање на оваа област.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За секој случај предлагачот бара да се одложи за наредната седница на Собранието.

Пратеникот Назми Маљичи поднесе барање Владата на Република Македонија да изготви Информација за состојбите и проблемите во Месната заедница Патишка Река, општина Кисела Вода во врска со експлоатацијата на шумата и користењето на патот од страна на Шумското стопанство "Караџица" и Национални паркови и ловишта "Јасен" и таа да биде разгледана на оваа седница на Собранието.

Барањето е доставено до Владата на Република Македонија.

Владата на Република Македонија, до денес нема доставено ваква Информација.

Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата не заседе став по текстот на дотичната Информација и штом Владата ќе заземе таков став тој ќе ви биде доставен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Господинот Маљичи дали го прифаќа ова? (Не).

Кој е за предлогот на пратеникот Назми Маљичи, молам да крене рака? (6 пратеници гласаа за).

Дали има некој против? (Нема потреба да одиме натаму).

Дали некој се воздржува од гласање? (21 пратеник).

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Пратеникот Сали Рамадани поднесе барање Владата на Република Македонија да изготви Информација во врска со примената на мерката забрана четири години невлегување во Република Македонија на режисерот на Градскиот театар "Ха Дерала" од Кичево, актерот на Националниот театар од Тирана Г. Сокол Ангели и таа да биде разгледана на седница на Собранието.

На 49-та седница на Собранието претставникот на Владата извести дека Владата ќе ја достави бараната Информација за оваа седница.

Денес Владата на Република Македонија ја достави Информацијата која ви е поделена.

Кој е за предлогот на пратеникот Сали Рамадани Информацијата да биде разгледана на оваа седница, молам да крене рака? (16 пратеници гласа за).

Дали некој има против? (Нема).

Дали некој се воздржува од гласање? (20 пратеници).

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Пратеникот Илија Каров на 49-та седница на Собранието на Република Македонија побара Владата на Република Македонија да изготви Информација за загрозеноста на шумите од болести и штетници во Република Македонија.

Претставникот на Владата извести дека Владата за една од наредните седници на Собранието ќе ја подготви бараната Информација

Денес Владата на Република Македонија ја достави Информцијата и таа ви е поделена.

Молам, кој е за предлогот на пратеникот Илија Каров оваа Информација да биде разгледана на оваа седница, молам да крене рака

Господинот Каров има деловничка интервенција.

II/1.- ПЈ/ЉР

**ИЛИЈА КАРОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани г-да и пратеници,

Со оглед што за оваа седница има обемен дневен ред, предлагам оваа Информација да се разгледа на наредната седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Пратеникот Славе Наумовски во името на пратеничката група на Либералната партија на 49-та седница на Собранието побара дневниот ред да се дополни со Информација за кодот кој РМ ќе го користи во трговската соработка со ЕУ. Денес Владата на РМ ја достави Информацијата и таа ви е поделена.

Кој е за предлогот, на пратеникот Славе Наумовски, оваа Информација да биде разгледана на оваа седница, молам да крене рака.

28 пратеници се за.

Дали има некој против? (1)

Дали има некој воздржан? (

46 пратеници се воздржуваат од гласањето.

Констатирам дека Предлогот на пратеникот Славе Наумовски не е усвоен.

Пратеникот Слободан Даневски на 49-та седница на Собранието побара Владата да подготви информација за употребата на дрогата во училишниот центар "Кочо Рацин" во Св. Николе. Денес Владата на РМ ја достави Информацијата и таа ви е поделена.

Кој е за предлогот на пратеникот Слободан Даневски оваа Информација да биде разгледа на оваа седница, молам да крене рака?

26 пратеници гласаа за.

Дали има некој против

3 пратеници се против.

47 пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека предлогот на пратеникот Слободан Даневски не е усвоен.

Г-дин Даневски има деловничка интервенција.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитувани пратеници, почитуван претседателе, се очекуваше ова, ова што се случи во овој момент во салата не може да се разбере туку треба да и се објасни на јавноста да не може да се гласа денеска да одиме со Информацијата за злоупотребата на дрогата. Мислам дека отидовме далеку, отидовме во крајност. Жалам што тука не е министерката за образование и физичка и култура која Лета за Атланта во време кога ни ги силуваа децата од 5-6 години, кога се злоупотребуваа учениците од страна на наставниците, кога ни се дрогираат децата и не може да се расправа во овој Парламент за злото на XXI век. Кога целиот свет за борба против дрогата:

**ТИТО ПЕТКОВСКИ;**

Ве молам ова не е процедурално прашање.

Г-дине Даневски, ве молам ние гласавме точката да не биде на дневен ред. Вие побаравте деловничка интервенција. Ова е материјална расправа, не е деловничка интервенција. Ако имате деловничка интервенција – повелете - Ако не одете си на место.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Не се гласа, затоа што дрога постои во Информацијата, дрога постои во училишниот центар, го потврди тоа и Владата дека министерката ноторно лажеше знаете зошто не се гласаше за оваа точка? Затоа што директорот':на Училишниот центар Кочо Рацин е и претседател на СДС . Затоа ќе се гласа. Многу жално јас ќе мора да ја известам светската јавност. Да, не е смешно. Г-дине Никола Поповски не

е смешно тука така правевте за цигарите, а сега кога постои дрога, се смеете. Ништо не е смешно. Вие се залагавте за злоупотреба на пушењето...

**ТИТО ПЕТКВОСКИ:**

Ве молам напуштете а говорницата г-дине Дановски ова не е деловничка интервенција. Ова е материјална расправа. Немате право ниту да обвинувате никого, како реагираат во салата. Информацијата е доставена до сите пратеници, до сите новинари. Јавноста ништо не е оштетена со оваа Информација.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Јавноста не треба да е оштетена. Оштетени се учениците. Оштетени се родителите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ;**

Ве молам седнете си на место.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Добро, ова е демократијата во Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ;**

Пратеникот Бранко Арсовски на 49-та седница на Собранието побара Владата на РМ да подготви информација за изучување на странските јазици во РМ.

Претставникот на Владата ѓ-да Софија Тодорова извести дека Владата Информацијата ќе ја достави за оваа седница. Денес Владата на РМ ја достави информацијата, која ви е поделена.

Кој е за предлогот на пратеникот Бранко Арсовски, оваа Информација да биде разгледана на седница, молам да крене рака.

II/4.-

Деловничка интервенција има г-динот Хисен Рамадани.

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Г-дине претсдаделе, почитувани колеги, почитувани министри

Случајно ја избрав оваа Информација за да деловнички интервенираме.

Предлагам по информациите што сме ги барале да се избегне можноста да дискутираме за Информацијата која ќе ни се достави на самата седница. Сепак, ние сме барале информација за да ја видиме состојбата, да размислиме,за таа информација, за нејзините вредности и тогаш квалитетно да разговараме. Би молам и претседателот при ставање на дневен ред ова правило по можност да го почитува. Ние неколку дена пред расправата на седницата да ги- добиеме информациите што сме ги барале.

**ТИТО ПЕТКВОСКИ:**

Се разбира, тоа е право на сите пратеници. Јас сум должен да го ставам прашањето на дневен ред, односно на гласање. А вие самите определувате дали ќе прифатите или не.

Молам, за предлогот на пратеникот Бранко Арсовски да биде разгледана на оваа седница, да крене рака.

29 пратеници гласа за.

Дали има некој против?

2 пратеници се против.

Молам, кој се воздржува од гласање.

46 пратеници се воздржуваат од гласање,.

Констатирам дека предлогот на пратеникот Бранко Арсовски За збор се јави г-диот Арсовски - процедурално.

II/5.-

**БРАНКО АРСОВСКИ:**

Би замолил ако може оваа Информација да биде разгледана на оваа седница,би било добро. Предлагам оваа Информација да биде разгледувана на наредната седница. Ако ми дозволи тоа Собранието.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, таа информација ќе ја разгледаме на наредната седница на Собранието.

Пратеникот Руфи Османи на 49-та седница на Собранието

побара Владата на РМ да подготви Информација за појавата на митото и корупцијата во ПТТ - работна единица - Гостивар. Претставникот на владата дека Владата ќе ја изготви барната информација за една од наредната седница на Собранието. До денес ваква Информација не е доставена од страна на Владата. Молам претставникот на Владата да се произнесе.

Г-динот Јане Миљовски.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата нема заземено став по текстот на Информацијата а тоа е сѓ сега што можам да ви кажам.

**ТИТО ПЕТКВОСКИ:**

За збор се јави г-дин Руфи Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Г-динот министер беше многу нејасен во својот одговор. Тој не изнесе дали Владата презема некој мерки и активности со цел да се утврдат наводите, кои се очигледни дали оваа Влада планира да достави некојпат таква информација во која ќе наведе дали постојат тие тенденции и кои се носители на тие тенденции и од одговорот може да се установи можеби никој овој дом нема да биде информиран во врска со тие тенденции, кои се сосема очигледни, кои долгогодини таму се

II/6.-

присутни и сигурно дека јас не од некоја си тенденција негативна кон некој раководител, или други службеници, не го поставив како проблем. Затоа, барам министерот овде јасно да изнесе во име на Владата дека за прва наредна, втора наредна, а ко треба за една година дека ќе достават таква информација, имајќи ги предвид моите укажувања како да доаѓаат во тие информации со кои ќе обезбедат материјални докази дека навистина митото и корупцијата цветат во ПТТ работна единица Гостивар. Можете тоа со познати испитувања анкетни на граѓани на корисници, на интересенти да го утврдите, па згора на тоа со вас е и министерот за полиција, па сигурно и тој може да ви помогне.

Затоа, барам, да не должам, овде да добијам сосема дециден одговор во однос на барањето за доставување на Информацијата кога истата ќе биде доставена до овој Парламент.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Мола, дали некој од претставниците на Владата ќе се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Мислам дека одговорот е сосема дециден, Јас можам да говорам за она што Владата веќе заклучила. За она што владата не заклучила јас не можам да кажам ништо. За ова прашање Владата не заклучила. Додека не заклучи јас не можам да ви кажам ништо. А инаку, да ви кажам, сами размислете во кој домен спаѓа тој дел на Информацијата кој што ме прашувате. Дали има други канали кои што се далеку поефикасни, посоодветни, отколку дискусиите во Парламентот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот Руфи Османи, оваа информација да биде разгледана на оваа седница, молам, да крене рака.

II/7.-

Па, вие барате да се поднесе Информација.

Еве, го слушнавте одговорот на претставникот на Владата и прашањето го ставам на гласање.

Деловничка интервенција има г-динот Руфи Османи

**РУФИ ОСМАНИ:**

Предлагам оваа информација која јас ја барам, откако

Владата ќе заземе став, а препорачувам тој став да се заземе според можностите пред летните одмори, биде доставена до овој Парламент.

**ТИТО ПЕТКВОСКИ;**

Добро, благодарам, се повлекува предлогот од оваа седница.

Шефот на пратеничката група на Либералната партија, г-дин Стојан Андов во името на пратеничката група на ЛП, пратеникот Газменд Ајдарага и Томислав Стојановски поднесоа барања, Владата на РМ да подготви информација за причините за појавата на шап и лигавка во РМ и мерките што ги превземаат надлежните служби за спечување на нивното ширење и:еза отстранување на последиците и таа да биде разгледана на денешнава седница. Денес Владата на РМ ја достави

Информацијата која ви е поделена.

Кој е за предлогот Информацијата да биде разгледана на денешната седница, молам да крене рака.

84 пратеници гласа за.

Дали некој има против?

Еден пратеник гласаше против?

Молам кој се воздржува од гласање?

Еден пратеник се воздржува.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

II/8.-

Пратеникот Назми Маљичи поднесе барање Владата на РМ да изготви информација за бројот на граѓаните на РМ на кои не им се дозволува влез во РМ и та ада биде разгледана на оваа седница на Собранието.

Барањето е доставено до Владата на РМ. Владата на РМ до денес нема доставено ваква информација. Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТОМИСЛАВ ЧОКРЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници, во врска со ова прашање Владата расправаше околу барањето на решение за лицата кои штос е наоѓаат надвор од нашата држава и кои што немаат регулирано државјанство, а потекнуваат од подрачјето на РМ. Тоа се луѓе кои што немаат никаков пасош, немаат патни документи, не можат да се вратат тука кај нас во своите фамилии пошироки итн. не можат да си го решат и да дојдат да се го решат своето прашање околу статусот на државјанството и други статусни прашања. Цитирајќи или применувајќи ги строго законите до сега немаше решение за оваа група на луѓе за која, за жал, не можеме да утврдиме колкав е бројот. Меѓутоа Владата расправаше за овој проблем и се обидовме да најдеме решение. Тоа решение е следното. Тоа е апсолвирано во Владата, изразено низ неколку заклучоци.

Првиот заклучок е дека нашите дипломатски претставништва надвор треба да излезат во пресрет на лицата кои што се во ваков статус и да им издадат патни визи. Со помошта на кои тие можат да допатуваат во РМ и евентуално да си ги покренат сите прашања околу регулирање на нивниот статус. Како ќе биде регулиран нивниот статус, зависи од Законот за државјанство и од другите закони, кои што ги регулираат статусот на граѓаните,.

II/9.-

Второ, тие патни исправи, односно патни листи како што се викаат, со кои може да се патува, ќе ги издаваат органите на внатрешни работи во РМ, што значи тие лица можат да патуваат и назад.

Трето, Министерството за надворешни работи е задолжено да ги припреми тие патни исправи, односно листи, кои што претставништвата надвор наши ќе ги имаат при себе и ќе ги издават на граѓаните. Сметаме дека ова решение беше најблаго наклоно односно излегуваше во пресрет на проблемите на нашите граѓани. Самиот број на кој што се инсистира, кои не можат да влезат во Македонија, на жалост не можеме да го утврдиме.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали се согласувате оваа Информација да биде разгледана на денешнава седница?

**ТОМИСЛАВ ЧОКРЕВСКИ:**

Еве, ова е Информацијата. Ние сметавме дека нема потреба да се дава информација. Ако во ова што јас го предлагам има незадоволство кај оние што го поставија прашањето, еве, предлагам на следната седница на Собранието со ова што го кажав да биде елаборирано и напишано и тогаш да се поведе дискусија. Затоа сега да не се води дискусија на база на моето излагање. А ако сте задоволни а го апсолвираме и да го завршиме овој проблем,

**ТИТО ПЕТКВОСКИ:**

Во ред, Благодарам.

Молам пратеникот Назми Маљичи да се произнесе дали го прифаќа предлогот на Владата.?

Г-динот Маљичи не е тука.

II/10.-

Бидејќи претставникот на Владата прифати на наредната седница да поднесе ваква информација и предлагам да не гласаме.

Пратеникот Слободан Најдовски поднесе барање Владата на РМ да изготви информација за откупот на пченицата од родот од 1996 година со посебен осврт на откупот од приватните земјоделци, таа да биде разгледана на денешната седница.

Барањето е доставено до Владата на РМ, а Владата на РМ до денес нема доставено ваква Информација.

- Го молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, кој во името на Владата ќе се произнесе по предлогот.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Владата не прифатила за ова да даде информација. Сметаме дека и не е добро да се даде информација, затоа што нема да реши ништо . Проблемите или ќе се решат или нема да се решат.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Збор има г-динот Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, потпретседателот на Владата некако ме стави како што се вели во пат позиција. Рече дека не е добро Владата да даде информација за откупот на пченицата. Навистина, јас во овој момент не знам како да реагирам и не знам како да оценам зашто не е добро . Дали не е добро заради тоа што земјоделците ќе се информираат прво кој ќе им ја откупи пченицата, второ по која цена ќе ја откупи, трето кога ќе биде платена пченицата и четврто дали ќе биде платена по цената што е во Одлуката донесена од страна на Владата. Од тие причини јас сметам дека воопшто, барем за мене не држи аргументот дека не е добро да се даде ваква информација.

Инаку ќе го кажам и следново. Пред неколку дена бев сведок на една ситуација кога еден од земјоделците ја продаваше пченицата, ја однел во откупната станица и со оглед на тоа што еден голем дел на земјоделци сакаат или не сакаат минуваат покрај куќата во која што живеам , ми покажа откупна листа што им се дава, на која што пишува

III/2.-

цената ќе биде според Одлуката на Владата. И ми вели сега, бидејќи смета дека ние како пратеници имаме некое влијание во тоа, ми вели кажи ми по која цена ќе ми биде платена. Дали ќе ми биде исто како лани. А лани, со Одлука на Владата, цената беше одредена 10 денари и плус два денари премија. Јас и г-динот Тантаровски имавме пратенички прашања, упорно на 4 седници барав информација за откупот на пченицата од 1995 година и на пратеничкото прашање ми е одговорено дека не е вистина дека пченицата во Битола им е платена по 9 денари и 2 денар премија. Јас одовде тврдам и спремен сум пред сите земјоделци во Битола заедно со сите Вас кои што одговоривте на ова прашање дека пченицата лани на земјоделците во Битола им ја плативте 9 денари плус 2 денари премија. Значи беше откупена по 11 денари. Зошто им го зедовте тој денар, јас не знам. Кој го зеде треба да одредите и одлучите Вие. А само да Ви кажам дека лани на земјоделците од Битола им се одземени 1 милион германски марки. Тоа го тврдам и ќе докажам. Тоа е едно прашање.

Второ , јас знам како ќе заврши гласањето за моето барање, јас сепак би замолил со оглед на тоа да не се доведеме во ситуација како што беше со информацијата со раноградинарските култури да расправаме кога ситуација веќе заврши од што земјоделците и купувачите ќе немаат никаков ќар. Јас знам дека и на купувачите им е тешко, дека се сретнуваат со проблеми за обезбедување на средства знам дека имаат трошоци при откупот, при складирањето на пченицата и ред др. Меѓутоа затоа треба кога сега пченицата веќе се откупува да бидеме јасни пред земјоделците. Јас, сепак би замолил претставникот на Владата да се согласи без оглед на тоа што ќе бидам надгласан оваа информација барем да ја разгледуваме на седницата што ќе биде закажана за 26 за да може ова Собрание да укаже на неколку работи кои што сметам дека во овој момент се битни.Тоа да биде барем по однос на ова прашање. Па, дали Владата ќе ги прифати или не е друго прашање.

III/3.-

Јас сепак на крајот би Ве замолил доколку е можно на наредната седница да ја разгледаме информацијата. Јас денес во весник и синојка видов од посетата на премиерот во Битола, дека дел од пченицата ќе биде платена со компензација. Навистина, мене засега не ми е јасно како тоа ќе се одвива, а уште помалку ќе им биде јасно на земјоделците, јас ќе Ви кажам дека нафтата што на земјоделците им беше нудена во име на компензација минатата година беше по многу повисока цена од официјалната цена. Нуденото ѓубриво беше по многу повисока цена од официјалната цена. Ако е тоа така, ако Македонија во овој момент,навистина и нема сили да ја откупи пченицата, не може да ја плати во времето во кое што треба ...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам да не навлегуваме во материјална расправа.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Момент претседателе, јас и така планирав да завршам и би Ве замолил да не ме прекинувате зошто токму сакам да укажам што треба од оваа информација.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, Вие имате право да кажете само дали се согласувате со мислењето на претставникот на Владата или не, гласаме по него, а не во димематеријална расправа. Вие тоа го опишавте во Вашиот предлог за оваа информација да се стави на дневен ред. Тоа го имаат сите пратеници.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Јас Ви благодарам на укажувањето, но сепак сметам дека имам право да потврдам односно да образложам зошто барам ваква информа-

ција. Јас ништо друго не реков туку замолив во интерес на тие луѓе информацијата да се даде барем на следната седница, доколку Владата искаже спремност. Ако Владата не искаже спремност, тогаш нека се гласа, нека бидам надгласан во ред.

**БЕЌИР ЖУТА:**

Г-дине претседателе, почитувани пратеници, мислам дека има едно недоразбирање. Владата на РМ во врска со откупот на пченицата во 1996 година , својата Одлука ја донесе одамна. испред неа е утврден како ќе оди динамиката и изворите на средствата што треба да се обезбедуваат за да се изврши откупот на пченицата каде приоритет има приватниот сектор во простор меѓу 45 и 50 илјади колку што се очекува од тој сектор.

Разликата ја откупува мелничко - пекарската индустрија по цената што е утврдена во Одлуката за 1996 година под заштитна цена од 10 денари. Ова Собрание ја укина премијата за 1996 година за пченицата и зошто сега тие прашања , па и недоразбирања. Дали со таа Одлука во реализацијата на политиката што треба Владата да ја донесе треба да се спрема посебна информација за Собранието и дали тоа е рационално. Во тоа е суштината на проблемот. Вчера сите земјоделци беа на откуп во Битола каде што беше и премиерот со министерот за земјоделство и директори од млинарско - пекарската индустрија и др. и сега не држи прашањето донесена Одлука, таа да биде предмет на информација и предмет на расправа. Таа веќе почнува да се реализира со динамика и според изворите што се утврдени.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, не водиме расправа.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Г-дине претседателе, јас пред да почнам да дискутирам,Вие дозволивте на претставникот на Владата да влезе во расправа, а мене како на предлагач не ми дозволивте. Би Ве замолил да не ме прекинувате.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Вие говоревте 8 минути, а предлагачот 2 минути.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Добро можеби е тој по способен од мене за пократко време да каже повеќе, а јас сум таков што морам малку пошироко.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Би Ве замолил, Деловникот не ни дозволува да водиме материјална расправа за прашање што не е на дневен ред.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Би Ве замолил сега да не ме прекинувате, бидејќи согласно Деловникот поднесов барање и сега овде од страна на претставникот беше демантирано некое мое тврдење. Прво, мене ми е точно јасно кога е утврдена заштитната цена на пченицата за 1996 година го имам и Службениот весник знам дека е таа 10 денари. Но, јас ќе Ви кажам г-дине министре, потпретседател дека тие земјоделци тешко веруваат ќе ја добијат таа цена, затоа што лани им беше скратено по еден денар со Одлука на Владата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, г-дине Најдовски напуштете ја говорницата. Ве молам ова не е деловничка интервенција, ниту е во рамките на предлагањето на темата за дневен ред. Ова е веќе материјална расправа.

III/6.-

Ако имате нешто во врска со тоа да дополните, со причините што ги поднесувате во барањето за дневен ред на оваа точка, кажете, а немојте да навлегувате во материјална расправа.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Јас ги објаснувам причините и само две причини ќе наведам. Првата причина е дека некои не веруваат дека ќе им се исплати таа цена зошто лани беше скратено по 1 денар. Втората причина не е точно дека Собранието ја укина премијата за пченицата. Имено јас во име на пратеничката група на ЛП кога се носеше законот за поттикнување на развојот на земјоделството кажав дека со овој закон што се носи ќе се нанесат големи штети на земјоделството и тогаш дури еден пратеник г-динот Иван Бојков ме нападна бесбеседно дека е тоа лаж. И сега ви кажувам дека мојата пратеничка група не ја донесе таа одлука исто така во таа одлука стои дека премија за земјоделските производи односно за кои земјоделски производи се одредува одлука донесува Владата Што значи дека Собранието не и ја скрати можноста на Владата да донесе одлука за премирање на пченицата, и дека согласно Законот за поттикнување на развојот на земјоделството тоа право како Влада го имате. Зошто не ја донесовте , тоа е друго. Од тие причини уште тогаш се бунев и реков дека во закон треба да стои дека децидно пченицата треба да има премија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас како што можев да заклучам од вашиот предлог, Вие го повлекувате предлогот од денешнава седница, предлагате за наредната седница или да гласаме.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Мој предлог не беше ништо друго туку една молба доколку Владата се согласи на наредната седница среда на 24 овој месец на 51-та

седница да ја разгледаме таа информација и тогаш би се согласил да не се разгледува денес. Во спротивно би предложил да се изјасниме дали ќе ја разгледуваме денеска или не. Јас пристанувам на тоа доколку Владата се согласи на 51-та седница, но не со надгласување, туку сигурно да биде, тогаш би се согласил на таков заклучок.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Добро, претставниците на Владата кажаа дека не се согласуваат да дадат оценка.

Има збор г-динот Котевски.

**СПАВКО КОТЕВСКИ:**

Г-дине претседателе, господо пратеници во врска со ова прашање, пратениците да не добијат некоја погрешна претстава, во Битола пченицата се откупува по 10 денари и по 10 денари ќе се исплаќа, не само во Битола туку во цела Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте Ве молам, Вие под форма на деловничко прашање отворате материјална расправа.

**СЛАВКО КОТЕВСКИ:**

Негде се плаќаше 9 , а некаде 10 денари зависно од купувачите меѓутоа во кантарните белешки на секој земјоделски производител му стои 10 денари, а во писмена состојба со Одлука на Влада односно на рати. Тоа е направено г-дине Најдовски и така ќе се спроведе.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Барам реплика бев спомнат.

III/8.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Вие Битолчани сретнете се после и договорете се.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Зошто, ние немаме проблем ова не е Битолски, претседателе, туку ова е проблем на државата. Во врска со Битолскиот проблем што се спомна воопшто немаме проблем. Со оглед на тоа што овде беше речено за да им биде појасно на пратениците, а јас сум бил нејасен г-динот Котевски требаше да каже точно по која цена е платена лани пченицата. Јас тврдам дека е по 11 денари, а дали оваа година ќе биде по 10 денари, не знаеме и од тие причини бараме да се добие информација. Излезете и кажете дека минатата година пченицата е платена по 12 денари.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на г-динот Најдовски, молам да крене рака

24 пратеници гласаа за.

Дали има некој против? (57 пратеници се против)

Дали има воздржани?

37 пратеници се воздржани од гласање.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Г-динот Најдовски бара деловничка интервенција.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Не знам колкав е бројот на присутните пратеници, јас сепак се сомневам во гласањето и барам поддршка од 10 пратеници за поединечно гласање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има поддршка од 10 пратеници, молам секретарот на Собранието да помине на поединечно изјаснување.

III/9.-

**ИГОР СПИРОВСКИ:**

| | |
|---|---|
| 1. ФАИК АБДИ | не е тука |
| 2. ГАЗМЕНД АЈДАРАГА | не е тука |
| 3. АБДУРАХМАН АЛИТИ | не е тука |
| 4. ЈАНЕ АНГЕЛОСКИ | не е тука |
| 5. СТОЈАН АНДОВ | не е тука |
| 6. БРАНКО АРСОВСКИ | за |
| 7. ЃОРЃИ АТАНАСОВ | воздржан |
| 8. АМДИ БАЈРАМ | воздржан |
| 9. ЉУПЧО БЕЛИЧЕВ | воздржан |
| 10. РУБИНЧО БЕЛЧЕСКИ | воздржан |
| 11. МЕРСЕЛ БИЛАЛИ | не е тука |
| 12. ИГНАТИЕ БОГДАНОВСКИ | против |
| 13. СЛОБОДАН БОГДАНОВСКИ | воздржан |
| 14. ИВАН БОЈКОВ | не е тука |
| 15. ЈОРДАН БОЖИНОСКИ | не е тука |
| 16. АТАНАС ВАНГЕЛОВ | против |
| 17. АБДУЉАДИ ВЕЈСЕЛИ | не е тука |
| 18. КИРЕ ВИДИМЧЕ | за |
| 19. ДИМИТРИЈА ВРЕВЕЗОСКИ | воздржан |
| 20. АЛЕКСАНДАР ГЕШТАКОВСКИ | за |
| 21. ИЛИЈА ГОЦЕВСКИ | против |
| 22. ТУШЕ ГОШЕВ | против |
| 23. ВЛАДЕ ДАВИТКОВСКИ | против |
| 24. САНДЕ ДАВЧЕВ | не е тука |
| 25. СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ | за |
| 26. ЛАЗАР ДИМОВ | не е тука |
| 27. ДРАГАН ЃОРЃИЕВ | не е тука |
| 28. САМИ ИБРАИМИ | не е тука |

III/10.-

| | |
|---|---|
| 29. ЉУБОСАВ ИВАНОВ | не е тука |
| 30. МИРКО ИВАНОВ | против |
| 31. АЛЕКСАНДАР ИВАНОВСКИ | против |
| 32. ЈАКИМ ИВАНОВСКИ | за |
| 33. МИТКО ИЛИЈЕВСКИ | не е тука |
| 34. АЛЕКСАНДАР ЈАКИМОВСКИ | воздржан |
| 35. ЖИВКО ЈАНКУЛОВСКИ | не е тука |
| 36. ЗЕЌИР КАДРИУ | за |
| 37. ЗВОНКО КАРОВ | за |
| 38. ИЛИЈА КАРОВ | за |
| 39. СТОЈЧЕ КОВАЧЕСКИ | воздржан |
| 40. БОРИС КОСТАЌЕВ | против |
| 41. СЛАВКО КОТЕВСКИ | против |
| 42. МАРЈАН КОТЛАР | не е тука |
| 43. АЦЕ КОЦЕВСКИ | за |
| 44. ЗОРАН КРСТЕВСКИ | за |
| 45. РАТКА КУЉАН - ЗОГРАВСКА | не е тука |
| 46. ЈОВАН ЛАЗАРЕВ | воздржан |
| 47. МИРКО ЛАЗАРЕВСКИ | за |
| 48. ПЕРСИДА МАЛИНСКА | за |
| 49. НАЗМИ МАЉИЧИ | не е тука |
| 50. РИСТО МАРКОВСКИ | не е тука |
| 51. РИСТО МАСЕВ | против |
| 52. ЉУПЧО МЕШКОВ | за |
| 53. ДАНЕ МИЛОШЕВСКИ | не е тука |
| 54. ПАНЧО МИНОВ | не е тука |
| 55. ДРАГАН МИТЕВСКИ | не е тука |
| 56. ИЛИНКА МИТРЕВА | не е тука |
| 57. БРАНИРОД МИХАИЛОВСКИ | воздржан |
| 58. ЏЕЛАДИН МУРАТИ | не е тука |
| 59. ФЕРИТ МУСОВСКИ | против |
| 60. СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ | за |
| 61. ПАНЧЕ НАСЕВ | не е тука |
| 62. ДИМЧЕ НАСТОСКИ | не е тука |

III/11.-

| | |
|---|---|
| 63. СЛАВЕ НАУМОВСКИ | за |
| 64. ВАНЕ НАУМОСКИ | против |
| 65. СИМОН НАУМОСКИ | не е тука |
| 66. МАРЈАН НАЧЕВСКИ | воздржан |
| 67. ЈОВАН НИКОЛОВ | воздржан |
| 68. ДУШАН НИКОЛОВСКИ | воздржан |
| 69. РИСТО НИКОЛОСКИ | за |
| 70. РУФИ ОСМАНИ | за |
| 71. БОРИС ПАВЛОВ | не е тука |
| 72. ТОДОСИЈА ПАУНОВ | за |
| 73. ТИТО ПЕТКОВСКИ | воздржан |
| 74. МИРКО ПЕЦОВ | воздржан |
| 75. ДРАГОЉУБ ПОПОВИЌ | воздржан |
| 76. ДИМИТРИЈА ПОПОВСКИ | не е тука |
| 77. ЉУБОМИР ПОПОВСКИ | воздржан |
| 78. НИКОЛА Г. ПОПОВСКИ | не е тука |
| 79. НИКОЛА Р. ПОПОВСКИ | воздржан |
| 80. АБДУРАУФ ПРУСИ | не е тука |
| 81. ИСМЕТ РАМАДАНИ | воздржан |
| 82. САЛИ РАМАДАНИ | за |
| 83. ХИСЕН РАМАДАНИ | не е тука |
| 84. МИТКО РИСТЕВСКИ | не е тука |
| 85. НАНО РУЖИН | не е тука |
| 86. БЛАГОЈА СИЛЈАНОСКИ | против |
| 87. НАУМ СИМЈАНОВСКИ | не е тука |
| 88. ВЛАДИМИР СОКОЛОВСКИ | за |
| 89. КИРИЛ СПАСОВСКИ | против |
| 90. ЈОВАН СРБИНОВСКИ | не е тука |
| 91. ВЛАДИМИР СТАНКОВСКИ | не е тука |
| 92. НАЌЕ СТОЈАНОВСКИ | не е тука |
| 93. ПЕЦО СТОЈАНОВСКИ | не е тука |
| 94. ТОМИСЛАВ СТОЈАНОВСКИ | за |
| 95. БЛАГОЈ СТЕФАНОВСКИ | воздржан |
| 96. БЛАГОЈ СТОЈКОВСКИ | не е тука |

III/12.-

| | |
|---|---|
| 97. ЗДРАВКО СТОЈКОВСКИ | воздржан |
| 98. РИЗВАН СУЛЕЈМАНИ | не е тука |
| 99. МЕВЉАН ТАИРИ | не е тука |
| 100. ВЕЉО ТАНТАРОВ | за |
| 101. ЗОРЕ ТЕМЕЈ1КОВСКИ | не е тука |
| 102. ПЕТАР ТАЛИМ1ДИОСКИ | за |
| 103. НИКОЛИНА ТРАЈАНОСКА | за |
| 104. ПЕТРЕ ТРАЈАНОСКИ | воздржан |
| 105. МИЛЧО ТРАЈКОВ | воздржан |
| 106. РИСТО ТРАЈКОВ | не е тука |
| 107. МИРКО ТРИПУНОСКИ | воздржан |
| 108. ДИМИТАР ТРПЕНОСКИ | не е тука |
| 109. РАМИ ТУДА | за |
| 110. БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ | воздржан |
| 111. СЕФЕДИН ХАРУНИ | за |
| 112. ЌЕНАН ХАСИПИ | не е тука |
| 113. ЉУБОМИР ЧАДИКОВСКИ | не е тука |
| 114. СЛАВЧО ЧАПОВ | за |
| 115. ВАНЧО ЧИФЛИГАНЕЦ | не е тука |
| 116. САНДЕ ЏАМБАЗОВСКИ | воздржан |
| 117. АРБЕН ЦАФЕРИ | не е тука |
| 118. АЛИЛ ЏАФЕРОСКИ | против |
| 119. ЗОРАН ШАПУРИЌ | за |
| 120. ИСНИ ШАЌИРИ | за |

IV/1/CJ/лј

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Гласале 69 пратеници, за 29, 15 против и 25 воздржани.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Г-дин Шапуриќ, бара процедурално збор.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателе, сакам да дадам уште еден предлог за дополнување на дневниот ред .

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Не, не, тоа после, на крајот. Процедурално бара г-дин Најдовски.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

г-дине претседателе, дами и господа, имам поднесено уште едно барање за денешнава седница, информација за уписот на учениците во средните училишта во Битола.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Да, да, јас се извинувам г-дине Најдовски, јас сум го прескокнал.

Пратеникот Најдовски поднесе барање Владата на Република Македонија да изготви информација за запишување на учениците во средните училишта во Битола за учебната 1996-1997 година и таа да биде разгледана на денешнава седница.

Барањето е доставено до Владата на Република Македонија, а Владата на Република Македонија предлага поради отсуство на Министерот за образование и физичка култура оваа информација да биде разгледана на една од наредните седници на Собранието.

Го молам пратеникот Слободан Најдовски да се произнесе.

IV/2.-

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Би се согласил со предлогот на Владата доколку тоа тој предлог, информацијата за уписот на учениците во средните училишта во Битола се разгледа на 51-та седница односно на 24. Ова, од следниве причини што очекувам по тоа да зафатат летните одмори и дека оваа информација би дошла да се разгледува наесен кога би била беспредметна точка. Јас морам да ви кажам дека по уписот во средните училишта во Битола имаше голем број на реагирања од родителите и учениците и имаше и неколку протесни собири. На еден од тие протесни собири присуствувавме заедно со г-динот Тантаров и беше побарано од нас да ја побараме оваа информација од Владата на РМ.

Во меѓувреме се водени разговори со Министерството за образование и по иницијатива на битолскиот претседател на општината и со директорите на училишта во Битола се изнаоѓаат некои решенија. Со цел да бидат родителите на крај јасно како ќе се одвива понатамошната ситуација сметам дека и во Министерството постои расположение за една ваква информација и би било добро на наредната седница таа информација Министерството за образование да ја поднесе. На крајот на краиштата иако не е тука Министерот за образование мислам ќе биде присутен заменикот министер на таа седница и би замолил претставник на Владата да се изјасни тоа да го разгледуваме на следната седница затоа што после годишните одмори сметам дека таа информација ќе биде беспредметна.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Вие имате писмо од претседателот на Владата дека прифаќаме да подготвиме информација за една од наредните седници. Ми се чини дека јас не можам да менувам содржина на писмо на претседателот на Владата туку можам да кажам само дека стоиме зад тоа писмо.

На една од наредните седници штом ќе се стекнат условите, ако тоа биде побрзо уште подобро, кога ќе може.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали г-дине Најдовски вие ја повлекувате од денешнава седница.

**СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:**

Навистина не знам како да реагирам. Јас овде бев децидно јасен. било каква информација која што ќе следи после годишните одмори е беспредметна и дека не држи формулацијата за една од наредните седници. Или ќе ја имаме, мислам дали Владата е спремна за тоа јас го сфаќам потпретседателот на Владата бидејќи тој нема овластувања и ова не е негов ресор децицно да каже, но сепак на крајот би предложил да ја гледаме на наредната седница, еве ќе дадам можност затоа што верувајте голем е бројот на родителите и на децата кои што не знаат што ќе прават.

Само уште ова да кажам доколку ми дозволите, претседателе, од разговорите со родителите имаме ветувања дека се можни проширувања во Битола за запишуваше на насоката во гимназијата. Општата насока и математика. Односно и насоката за математика и информатика. Но, сепак, тие деца и родители за да не ги оставиме цело лето во исчекување до наесен сметам дека една ваква информација треба да има. Еве со согласувам таа информација да ја разгледуваме на наредната седница односно на 51-та седница.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За тоа ќе биде известена Владата.

Г-дин Коцевски, деловнички.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, дами и господа, пратениците од пратеничката група на Либералната партија побараа Владата на Република Македонија да изготви информација за текот и состојбите во

врска со атентатот, истрагата во врка со атентатот што се случи врз претседателот на Републиката. Иако ја добивме таа информација не слушнав од претседателот да праша односно да го стави тој предлог на гласање за да се уврсти во дневниот ред, па би сакал да го стави тоа и би сакал да е тоа сосем случајно и дека не е намерно направено

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, г-дин Коцевски,јас тоа го уврстив во дневниот ред под точка 22. Тоа е на дневниот ред. И во предлогот што ви е доставен, нели?

Според тоа, за денешната седница го предлагам следниот

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Интерпелација за работата на членот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи д-р Томислав Чокревски.
2. Предлог на кривичниот законик
3. Предлог на закон за царинска тарифа
4. Предлог на закон за јавните претпријатија
5. Предлог на закон за приватизација на државниот капитал во претпријатијата.
6. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија.
7. Предлог за донесување на закон за избор на органите на единиците на локалната самоуправа и на град Скопје.
8. Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за угостителската и туристичката дејност, со Предлог на закон
9. Предлог за донесување на закон за прогласување на орнитолошкиот локалитет "Езерани" на Преспанското езеро како строг

природен резервоар, со Предлог на закон

10. Предлог за донесување на закон за сточарство

11. Предлог за донесување на закон за стечај

12. Предлог на одлука за огласување избор на претседатели на основните судови

13. Избор на судии поротници во апелационите и основните судови

14. Предлог на одлука за основање пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со Саборот на Република Хрватска

15. Предлог на одлука за изменување на Одлуката за основање пратеничка група на Собранието на Република Македонија за соработка со парламентот на Република Словенија

16. Предлог на одлука за разрешување од функција претседател на Комисијата за прашања на изборите и именувањата

17. Предлог на одлука за давање на согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Републички завод за трансфузологија Скопје

18. Предлог на одлука за давање согласност на Статутот на Јавната здравствена организација Здравствена станица "Железара" Скопје

19. Предлог на одлука за давање согласност на Одлуката за промена на називот на Здравствениот дом"Ростуше" с. Ростуше

20. Информација за бројот на граѓаните на Република Македонија за кои се води постапка за стекнување на право на државјанство и кои по ниеден основ не можат да добијат државјанство

21. Информација за остварување на договорите што се потпишани со Северна Рајна Вествалија "за азилантите"

22. Информација за преземените мерки и активности на Министерството за внатрешни работи за откривање на организаторите и

извршителите на атентатот врз претседателот на Републиката.

23. Информација за причините за појавата на шап и лигавка во Република Македонија и мерките што ги преземаат надлежните служби за спречување на нивното ширење и за отстранување на последиците.

Дали има некој предлог за изменување и дополнување на дневниот ред?

Г-дин Шакири.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Дами и господа пратеници, г-дин претседателе, на оваа седница како точка на дневниот ред предлагам да се отвори расправа за тетовскиот универзитет и негово институционализирање во образовниот систем на РМ.

Предлогот сакам да го образложам со следната содржина:

Имајќи го во предвид фактот дека универзитетот во Тетово постои и веќе влегува во третата академска работна година; на него студираат преку 1500 студенти, граѓани на Република Македонија. Во наставниот процес се вклучени 200 доктори и магистри на науки ко го реализираат наставниот прган и програм идентичен на оној кој е нормиран со законот за високото школство во РМ. за жал треба да се напомене дека компетентните институции на власт досега не покажаа добра волја за воспоставување и дијалог со претставници на тетовскиот универзитет. Имајќи го во предвид дека Законот за високото школство после првата фаза помината пред овој дом намерно е стопира од понатамошната постапка, мимо деловникот на Собранието на РМ. Сето тоа се прави со цел да се политизира во негативна смисла на зборот едно сосема легитимно барање за институционализирање на високото школство на албански јазик од оваа власт.

IV/7.-

Имајќи предвид со правосилната судска пресуда на апелациониот суд се изрече пресуда за повторно затварање на ректорот на тетовскиот универзитет и другите активисти на универзитетот. На ваквите драконски пресуди базирани на вербалниот деликт на кривичниот закон од поранешна СФРЈ најенергично му се противстави албанскиот народ во РМ предводени од вистински политички субјекти и асоцијации

**ХИСНИ ШАЌИРИ**: (продолжение)

Споменатите поими и реакции по истите создаваат тешки политички кризи. Политичка криза, со несогледливи последици за мирот и стабилноста на оваа држава и пошироко во регионот. Факт пред кој овој дом да ја занемари својата одговорност, предлагам да се утврди како посебна точка во дневниот ред е прашањето за иституционализирање на Тетовскиот универзитет.

Прифаќањето на оваа точка заедно со заклучоци за позитивно решавање на ова прашање ќе го поврати достоинството и народниот легитимитет на овој законодавен дом. Спротивно, ќе се потврди досегашниот начин на работа со кој овој дом е потврден како дом кој произведува во континуитет закони и правни акти што се до крај антиалбански и во спротивност со сите меѓународни норми и конвенции.

Толку, благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на г-дин Шакири молам да крене рака?

Девет пратеници .

Дали има некој против? 53 пратеници.

Дали некој се воздржува од гласањето, никој.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Господин Шакири има деловнича интервенција.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Господа пратеници, јас однапред знаев дека овој мој предлог ќе биде надгласан и нема да се уврсти ова како точка во дневниот ред на 50-та седница. Со овој состав, ова Собрание нема да ја вклучи оваа точка во дневниот ред. Но, едно ќе кажам, бидејќи јас сметам како одговорно прашање за сите нас...

(реакции од место)

Дозволете, бидете мирен, па после повелете и вие сте пратеник...

(интервенции од место)

Ама, немој од место да ми пречиш.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас ве молам , ве молам ...

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Ако сакаш да слушаш, слушај, ако не излези надвор ...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам г-дине Шаќири побаравте...

(интервенција од место);

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Што?

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Шаќири ...

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Ај, биди малку помирен, покултурен.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Шаќири напуштете ја говорницата.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Како имаш образ вака да ми се обратиш.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, напуштете ја говорницата.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Прво треба да интервенирате...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Вие имате збор, јас реков никој да не дофрла ...

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

Како главен на овој дом пие треба да интервенирате да не упаѓа од место.

V/3

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Имате збор за деловничка интервенција и повелете.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Не сакам никој да ми упаѓа.,,од место, бидејќи до сега јас никогаш...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

И не треба.

И, ве молам, сто пати сум повторил, немојте од место да зборувате.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Кој е овој сега...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Имате збор за деловничка интервенција.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Господо, бидејќи се работи за едно многу чувствително прашање и вие сносите одговорност за овој проблем, сакате ли денеска или утре да се соочите со овој проблем, тоа е ваша работа.

(интервенции од место од повеќе пратеници)

А, бе, што "ајде бе". Што ми викаш ајде бе.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Напуштете ја говорницата г-дине Шакири.

Ве молам г-дине Шаќири.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

"Ајде бе". Научете еднаш за секогаш, бидете малку покултурни...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Шакири напуштете ја говорницата ве молам. Немојте да заканувате на пратениците.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Јас на никого не се....

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Веднаш да ја напуштите говорницата.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

На никого не сум рекол до сега "ајде" или нешто друго.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Шаќири јас ве молам.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Вие му давате такво право на некој да му каже. Повели на говорница што сакаш кажи.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Шаќири, напуштете ја говорницата ве молам, ова не е деловничка интервенција.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

Е деловнички г-дине претседателе, него треба...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, ве молам, напуштете ја говорницата.

**ХИСНИ ШАЌИРИ:**

... поединци кога покажуваат оној достоинство...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Шаќири, почитувајте го Деловникот и ова Собрание, ве молам.

**ХИСНИ ШАКИРИ:**

И ти како кадија на овој Парламент.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, јас ве молам.

Дали уште некој бара збор.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван претседателеу, почитувани пратеници, најпрво дамо да кажам пратениците од ЛП беа во заблуда бидејќи во информаторот не ни беа доставени сите точки, затоа и реагираше. Веројатно тоа е грешка на стручната служба и во иднина ќе беше.

Ве молам, ќе бидам краток да ме ислушате бидејќи имам конкретен предлог.

На минатата седница заклучивме на оваа седница да има пратенички прашања. Тоа го изгласавме по завршувањето треба да имаме поставување пратенички прашања.

Сега поминувам на конкретен предлог за дополнување на дневниот ред.

Со оглед на тоа дека седницата ќе потрае подолго бидејќи има голем број на точки, така што има време, предлагам во дневниот ред да се уврсти Информацијата на Владата за начинот на распределба на средствата за водоснабдување и другата одлука на Влада за распределба на буџетски средства по основ на фекални канализации.

Деловнички имам право да го образложам предлогот, за да не ме прекинуваат.

Со оваа одлука, како што е познато по 7-8 месеци Владата донесе две одлуки, едната за распределба на средства за водоснабдување другата по амандманот што го предложив и по бурна расправа на крајот на минатата година помина, се уврстија 60 милиони за распределба на средства за фекална канализација.

Барам, во оваа информација да биде наведено дали се работи примарна мрежа, дали за секундарна мрежа за фекална канализација и води, бидејќи имаме сознанија дека некаде се бара исклучиво да финансира примарна а во некои места и секундарна.

Со кои критериуми и врз база на кои начела се распределени овие средства, како е дојдено до тоа некои општини десет пати помали од скопските да добијат пет пати повеќе или десет пати повеќе средства од скопските општини.

Почитувани пратеници,немам ништо против Крива Паланка, немам ништо против општина Ресен, дури дел од мојата фамилија потекнува од таму, немам ништо против Битола, меѓутоа нелогично е општина Ресен да добие пет пати повеќе средства и за водоснабдување и за изградба на фекална канализација од сите општини во Скопје, А, да не зборувам поединечно за некои општини. Општините Карпош, со исклучок маклу Гази Баба е подобра, и Кисела Вода добија 10 пати помалку средства од општина Битола, неколку пати помалку средства од општина Ресен, добија средства исклучиво за фекална , примарни мрежи водоводни, додека некои други добија и за секундарна мрежа. Така што имаме ситуација бројни населби во скопските општини да не можат воопшто да ја изградат водоводната мрежа или пак фекалната. Дури, Собранието на градот Скопје за така витални објекти како што е пречистителната станица за градскиот водовод да добие 2 милиони што е исто така помалку од сите други општини. Навистина имаме една апсурдна ситуација околу распределба на овие средства. Сите скопски општини и градот Скопје е хендикепиран многу пати во однос на другите општини.

Разбирам, веројатно министерот за урбанизам потекнува од Битола, ја форсира повеќе Битола, меѓутоа општината Битола која е помала од општина Карпош и Кисела вода да добие 10 пати средства, го образложувам предлогот не расправам, ве молам , само да довршам го образложувам предлогот...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Немојте да разговарате, ве молам.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Така што бројни населби во Скопје, како Пинтија, Усје, Долно Лисиче, Горно Лисиче, и тн. не ги набројувам сите останаа со нерешени проблеми и во наредни пет години нема да ги решат овие проблеми за разлика од некои други.

Сметам дека во оваа информација треба да се наведе како ќе се користат интервентните средства од министерот, интервентните средства од Владата.

Сметам дека во оваа информација треба да се наведе кога ќе се делат тие средства, и овие сите средства бидејќи скопските општини и градот Скопје е обесправен со оваа одлука треба да бидат исклучиво на градот Скопје.

Благодарам.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам претставникот на Владата да се произнесе.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Да останеше пратеникот на прашањето, ќе помислев дека навистина му треба информација. Меѓутоа, благодарение на образложението сфативме дека има информација дури и повеќе отколку што некои од нас имаат овде. Очигледно, информација не му треба, затоа што изнесе цела низа информации.

Сега единствено можеби му треба, доколку таа информација што тој ја изнесе тука пред целата јавност самиот се сомнева дека е точна па би сакал да биде уточнета, тогаш би му требало евентуално.

Мислам дека ова што го кажа одговара за пратеничко прашаше и јас го молам ова да го постави како пратеничко прашање а не како информација. Владата не прифаќа да даде информација и го упатувам пратеникот на институт од пратенички прашања.

V/8

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-дин Шапуриќ.

Пратеникот има право да постави и пратеничко прашање и да бара и информација.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Само според Деловникот постапувам.

Прво, да кажам, барав информација врз база на кои критериуми и параметри е тргнато во распределба на средствата, дали се работи за примарни или секундарни мрежи и како некои помали општини добија повеќе од скопските општини и градот Скопје.

Инаку, одлуките се објавени во Службен весник број 35 и од таму се информациите. Не можам јас да бидам поинформиран од министрите во Владата, бидејќи Владата ја донела таа одлука.

Сепак, да не одолговлечуваме околу дневниот ред, до колку се согласи претставникот на владата за наредната седница да ја достави оваа информација го прифаќам ова како компромисно решение , бидејќи дневниот ред е и така оптоварен, Владата да ја изготви оваа информација за наредната седница.

Секако, пратеничко прашање е посебно како што кажавте вие почитуван господине.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Јас можам само уште еднаш да повторам дека сметам дека е несоодветно барањето за информација и да го замолам пратеникот до колку навистина го интересира проблематиката да постави пратеничко прашање.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Според тоа, Владата не прифаќа да изготви ваква информација претставникот на Владата.

Молам, кој е за предлогот на г-дино Шапуриќ да крене рака?

Г-дин Шапуриќ бара деловничка интервенција.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Бидејќи не е коректно од страна на извршната власт да се наметнува на пратеник дали ќе бара информација или не, и бидејќи по се изгледа ќе дојде до мајоризација, во знак на протест го повлекувам предлогот, бидејќи и мојот компромисен предлог за наредната седница да биде изготвена информацијата не е прифатен, ресорните министри не се тука, веројатно е овластен претставникот на Владата за што кажа, го повлекувам предлогот. Нема потреба од гласање. Сепак и ова е еден пример за наметнување на извршната власт над парламентарната.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Г-дине Шапуриќ вашиот предлог ќе биде доставен на произнесување на Владата и по писмен пат.

Дали уште некој пратеник сака да предложи изменување и дополнување?

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас ќе предложам неколку информации и ќе барам истите да бидат разгледани на денешнава седница бидејќи во континуитет третираат една материја, многу актуелна во РМ, тоа е материјата на митото, корупцијата, сивата економија и ред други нешта и сите ги гледаат, сите се соочуваат со нив. За жал претставниците на Владата изгледа за нив тие се непознати.

Прво, барам информација. за извршеното вработување врз база на конкурсите што беа реализирани во текот на претходниот месец како инкасанти на патната мрежа на автопатот Гостивар - Тетово. Информацијата ја барам и во истата барам да бидат презентирани следниве елементи.

- кој беше бројот на пријавените кандидати;

- критериумите врз база на кои е извршен изборот;

- дали еден од критериумите за извршен избор беше митото во вредност од 12-13 иљади марки што се бараше поединечно за секој кандидат, нормално кој немаше некој познаник.

Овие елементи ги барам од причини што во градот Гостивар цело време се зборува за хит-корупција за вработуваше која тешко да може да се памети во досегашното постоење на РМ . Пред оваа дилема која остава голем негативен белег на тие што го водат ова министерство во коалиција со некои претставници од Гостивар, да утврдат точно кои се тие луѓе кои ја злоупотребија службената должност и кои дотераа до тоа да ги направат овие дејствија.

Во информацијата барам да се аргументира фактот што во општина во која над 70% се албанци клучот за вработување е некаде 25% вработени албанци и над 75% македонци. Тоа е првата информација.

Второ, барам информација во врска со спорот помеѓу ЈП за стопанисување "Гостивар" - Гостивар и ЈП за стопанисуваше со станбен и деловен простор на РМ со седиште во Скопје во врска со сопственоста на над 12 општествени станови, 13 општествени дуќани и една зграда со 16 стана со површина од 10 00 м која е во фаза на карајафија. Ова информација ја барам од причини што по наодите на министерството за урбанизам и градежништво и наодите на министерството за внатрешни работи е установено дека сопственоста на> овој имот е дискутабилна. Ова прашање сеуште во градот Гостивар претставува информација што побудува голем интерес од причина што ако дотичниот раководител на организацијата во Гостивар намерно ги скри овие имоти и при делбениот биланс не ги дал на управување на ЈП за стопанисување со овој имот во Скопје, како можел истиот на конкурс пред два месеци да биде пак избран за директор на тоа јавно претпријатие?

V/11

Затоа, да избие вистината на видело, да се установи кој е одговорен и виновен за овие дејствија, барам овој парламент и јавноста да бидат адекватно информирани.

Трето, барам да се достав11 информација за активностите што предвидува да ги превземаат министерството за образование и физичка култура за елиминирање на раширената појава на мито и корупција, како појава доста присутна во средните училишта, а особено во гимназијата во Гостивар.

Оваа можност ја користам ,;:однапред барам извинување од одреден број чесни и принципиелни професори кои сосема чесно ја извршуваат својата професорска работа.

Во средните училишта во Гостивар од страна на одделни професори кои предаваат во овие установи се злоупотребува професорската професија преку условување на учениците и тоа, за поправање на лошите оценки тарифата се движи од 100- 300 па дури до 400 германски марки, во зависност од материјалната состојба на родителот на ученикот. Чија материјална состојба самите професори ја откриваат во стилот на западните детективи.

За матурските трудови тарифата изнесува од 300 до 500 марки како што е случај со една паралелка во која сите 27 матуранти матурската тема ја полагаат кај истиот професор и за фотокопиран матурски труд му исплатуваат на професорот поединечно по 400 германски марки.

**РУФИ ОСМАНИ**: (Продолжение)

Преку одржување приватни часови по одделни предмети со тарифа од 2 0 до 300 ДМ на час поединечно за ученик.

Преку продавање на фотокопирани скрипти на учениците со цени неподносливи за ученичкиот џеб.

Колку далеку е отидено од некој професори во оваа насока што јавно на час ги условуваат учениците со принудување на пратење на приватни часови, со однапред заклучување на негативните оцени, со информирање за материјалниот статус на родителите особено на оние привремено вработени во странство.

Во однос на оваа појава пред некое време се огласи и господинот заменик министер за физичка култура и образование, господинот Хасан Јашари кој е денеска присутен тука, но остана само на ниво на вербалното бидејќи истите тенденции продолжуваат со зголемен интензитет.

Предлагам да во своите идни активности што треба ова министерство да ги спроведе, да спроведува тајни анкети со учениците, професорите, родителите воопшто...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Оставете го вие советот, не им давајте вие совет ве молам. Вие можете да побарате информација, немојте да ги советувате што да работат.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Јас мислам дека вие како претседател на ова Собрание пред да упаѓате во збор на некој пратеник треба да му кажете господине поради хикс ипселум причини го пречекорувате деловникот и затоа немојте понатаму. Значи прво треба да укажете па после да интервенирате.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Јас не еднаш сум кажал, сто пати досега.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Може ли да продолжам

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Повелете продолжете но во рамките на деловникот.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Благодарам.

Значи, да завршам треба сите да бидеме свесни и одговорни за митото и корупцијата кое ни е начин на однесување т.е. начин на живот. Затоа ги барам овие три информации од господата што се тука присутни) и мислам дека ќе бидат на ниво на проблемот кој е очевиден и пред кој никој нема право да ги затвори очите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, кој е за предлогот на господинот Османи Владата да подготви Информација за вработувањето на инкасанти на автопатот Тетово Гостивар, молам да крене рака.

21 пратеник гласаа за.

Дали има некој против?

20 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

15 пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Кој е за предлогот на господинот Османи Владата да поднесе

Кој е за предлогот на господинот Османи Владата да поднесе информација за спорот меѓу Јавното претпријатие за стопанисување на станбен и деловен простор Скопје и Подрачната единица во Гостивар молам да крене рака.

30 пратеници се за.

Дали некој има против?

10 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

20 пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Кој е за предлогот на господинот Османи Владата да подготви Информација за митото и корупцијата во средните училишта во Гостивар молам да крене рака.

47 пратеници се за.

Дали има некој против? (НЕ)

Дали некој се воздржува од гласање?

6 пратеници се воздржуваат од гласање.

Констатирам дека предлогот е усвоен.

Молам дали уште некој бара збор?

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Денес прво нешто заедничко за сите нас.

Бидејќи заради важноста и обемноста најмалку три точки од предложениот дневен ред за оваа седница треба да бидат предмет за најмалку три посебни седници ако сакаме да бидеме ефикасни. Предлагам предложениот дневен ред да се одвои најмалку за четири седници и тоа:

Прво, една седница за точката Предлог на закон за царинска тарифа.

Друга, Предлог за донесување на закон за избор на органите на единиците на локалната самоуправа и на град Скопје.

Трето, Предлог на Кривичниот законик.

Четврто сите други предложени точки за оваа седница.

Ваков распоред и одвоен треба и мора да биде под нормални услови, додека редоследот му се остава во надлежност на

претседавачот и Парламентот слободно и по итноста односно актуелноста на предложените точки за оваа седница.

Барам две поврзани односно три поврзани информации од Владата на денешната седница.

За причините зошто повеќе од две години органите на Универзитетот во Тетово немаат добиено одговор од Владата на Република Македонија за институционализирање и инкорпорирање во системот на високото образование т.е. финансирање од средствата на Републичкиот буџет на Тетовскиот универзитет во Република Македонија.

Второ, до која фаза се наоѓа кривичната постапка за откривање на сторителот на кривичното дело убиство на Абдул Сељам Емини, убиство во обид, помагање и нанесување на тешки и лесни телесни повреди на 17.02.1995 година во Мала Речица Тетово.

Трето, зошто се осудени раководителите и професорите на Универзитетот во Тетово за измислено кривично дело кое не постои т.е. за вербален деликт, посматрање на протестот на граѓаните и спречување на евентуалното насилство и нивно ослободување од издржување на казна затвор.

Зошто веќе една година не доаѓа на повторна процедура пред Собранието на Република Македонија Предлогот на законот за високото образование и преземените мерки.

Многу кратко образложение. Барам од Владата на Република Македонија под итно и на денешната 50-та седница на Собранието да поднесе Информација за причините за преземените односно непосредните мерки за преземање на други непотребни мерки како и за спречување на последиците од овие причини.

Имено, Универзитетскиот совет на Третата и најмладата високообразовна научна институција во Тетово уште пред неколку

години поднел бараше до Владата на Република Македонија до комплетен елаборат за основање,инкорпорирање во системот на високото образование и финансираше на истиот од редовните средства на Републичкиот буџет на Република Македонија. Досега не само што нема добиено ни облигателен одговор према уставните одредби, туку во неколку наврати Владата преземала и контрапродуктивни мерки за обид за спречување на многу успешното функционирање на Универзитетот во Тетово кој ги исполнува сите потребни услови врз основа на Уставот на Република Македонија и меѓународните норми и конвенции.

Второ како последица на непотребните и систематските репресии пред една од зградите на Универзитетот во Тетово во Мала Речица на 17 февруари 1995 година е убиен Авди Сељам Емини и потешко или полесно се ранети десетина невиновни граѓани, а досега нема никаква информација од Владата до каде е дојдено со спроведувањето на кривичната постапка за откривање на сторителите на инкриминираните кривични дела и нивната кривична одговорност.

Трето, додека напротив беа задржани во притвор неколку месеци, во последно време осудени и од страна на второстепениот суд со правосилна пресуда и поканети на издржување на казна затвор главните водители и некои професори на Универзитетот во Тетово на чело со ректорот проф. д-р Фадил Сулејмани, претседател на Сенатот проф. Милаим Фејзи, магистер проф. Мусли Алими, претседателот на Републичката партија на националното единство проф. Невзат Халили и претседателот на Партијата за демократски просперитет на Албанците огранок во Тетово архитектот Албинуси.

Поврзани со овие причини и околности и без сомнение под внатрешен и надворешен притисок на јавноста и релевантните фактори веќе една година Владата на Република Македонија не го поднесува

на повторна собраниска процедура Предлогот на законот за високото образование што при оваа прилика предлагам дотогаш да се направи веднаш. Заради овие причини побркав итна информација од Владата. Бараме обавезно да се институционализира и инкорпорира во системот на високото образование и Универзитетот во Тетово вклучувајќи го и неговото финансирање од неговите средства од Републичкиот буџет на Република Македонија и веднаш да предложи ослободување на осудените дејци на Универзитетот во Тетово од понатамошното издржуваше на казна затвор и од наводно кривична одговорност за непостоењето на истата.

Во спротивно партиите на албанците, ние пратениците албанци и другите претставници ќе преземеме и други уставни законски демократски мерки додека за евентуалните последици не сносиме никаква одговорност.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Прво, молам кој е за предлогот на господин Сали Рамадани овие точки од дневниот ред да се поместат во неколку седници да крене рака, иако тоа не е негова надлежност.

6 пратеници гласаа за.

Кој е против ве молам? (51 пратеник се против)

Дали некој се воздржува од гласање? (7 пратеника се воздржуваат од гласање)

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Кој е за предлогот на господин Сали Рамадани Владата да достави информација за таканаречениот тетовски универзитет молам да крене рака?

(Господинот Руфи Османи реагира од место - не е така наречен, треба да го цитираме)

Немојте од место да дофрлувате господине Османи. Сами се залагавте пред малку од говорницата за тоа.

9 пратеници се за.

Дали некој е против?

43 пратеника се против.

Кој се воздржува од гласање?

1 пратеник се воздржува од гласање.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Третиот предлог господине Сали Рамадани не можам да го ставам на гласање бидејќи е во сферата на судската надлежност и не можеме да бараме од Владата нешто што не е во нејзина надлежност.

Молам претставникот на Владата да се произнесе по предлогот на господинот Сали Рамадани, дали може да се достави информација за текот на истрагата и пресудите во врска со Универзитетот.

**ВЛАДО ПОПОВСКИ:**

Се разбира во врска со пресудите и истрагата не може да се достави Информација до Собранието и Собранието не може да коментира ниту со закон да измени судска пресуда според Законот за судовите што го усвои ова Собрание. Тоа се основни принципи на самостојното судство како една од властите.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на господин Сали Рамадани да крене рака?

9 пратеника гласаа за.

Дали е некој против?

44 пратеника се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

1 се воздржува од гласање.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

VI/8

Кој е за предлогот на господинот Сали Рамадани, Владата да подготви Информација до каде е со кривичната постапка во врска со убиството во Мала Речица во 1995 година.

14 пратеника гласаа за. Кој е против?

39 пратеника се против?

Дали некој се воздржува од гласање?

3 пратеника се воздржуваат од гласање.

Кој е за предлогот на господинот Сали Рамадани Владата да подготви информација во врска со Законот за високото образование молам да крене рака?

7 пратеници се за.

Кој е против молам?

50 пратеници се против.

Дали некој се воздржува од гласање?

1 се воздржува од гласаше.

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Збор бара господинот Сали Рамадани.

**САЛИ РАМАДАНИ:**

Деловнички за работата односно лошата работа на овој Парламент.

Прво, примедба до претседавачот, не е така наречен туку Универзитет кој работи три години. Тоа е најголема навреда за сите албанци во Македонија.

Второ, дали овој Парламент сака да знае за човек, човек кој е убиен на 17 февруари 1995 година.

VII/1.-JM/МЛ

**САЛИ РАМАДАНИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Значи Министерството за внатрешни работи на оваа Влада треба да информира, а вие не гласате. И за овие другите проблеми значи ние бараме информации, а имате машина, многу лесна и не гласате за информацијата. Значи не сака Владата да се зафаќа со проблеми, не сака да информира за состојбите на оваа најголема популација во Република Македонија.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

**ХИСЕН РАМАДАНИ:**

Јас повторно една работа која често пати ја подвлекувам. Лично, а верувам и голем дел на населението на Полог не е задоволно со завршните работи на автопатот Тетово - Гостивар. Јас навистина молам ресорните органи во Владата да подготват една кратка информација за извршените работи особено завршените објекти во функционирањето на автопатот. Во низа села се многу отежнати приодите на автопатот и не се завршени работите така како што е договорено. Едноставно отежнати се полските работи под делот на автопатот затоа што висината на мостовите и подвожњаците што се градени не се задоволителни. Јас молам две работи. Прво информација. Второ уште еднаш инспекциските служби да видат дали се објектите градени за да ја вршат својата основна функција. Ова го барам за идната седница.

**ФАИК АБДИ:**

Господине претседателе, дами и господа пратеници, морам да кажам дека еден дел од нас што сме тука присутни едно време беа

доста млади и не го знаат она што јас сега ќе го кажам. Наиме како пионери се редевме од Циглаќа; Пролетер до Француски гробишта по две цигли од рака на рака подававме само да се прават ниски згради исто како во Автокоманда и тоа ни беше кажувано дека по маало, тенеќе маало, џамбаско маало, барутчии, затоа што таму барут се правеше за турско време, Топаана, Топаане и Маџари тие ќе се селат во тие мали станови. Меѓутоа пдѓоа настана нешто друго после 1948 година наши граѓани од Румунија, од Бугарија, од Русија од Чехословачка се вратија назад, дојдоа, им се најде прибежиште иако еден добар дел од нив ниту примаат државјанство, ниту одеа војска, ниту ова, ниту она, примаа пензии и пензии, но не е тоа важно, тие се наши Македонци. Овие луѓе што овие работи ги градеа останаа со празни раце. Некаде 1963 година по катастрофалниот земјотрес се случи истата ситуација со овие маали да ги речам и еден добар дел од нив се исели во Шуто Оризари, еден добар дел пак останаа, меѓутоа да ви кажам право мислам дека сме излажани од тогашните власти. Прашањето е до Владата, дали воопшто, даречеме на ова прашање може да одговори на есенските седници, не мора сега, дали воопшто планира, односно урбанизам планира да се урбанизира ова подрачје да не станат тие керпичи. Да не стане тој супстандард, зошто тогаш се зборуваше дека ќе не стане тој супстандард. Тој уште стои. Има и на други места во градот стојат такви мали истрошени згради. Но јас прашувам за овој дел од градот. И што е многу интересно токму на раскрсницата Џон Кенеди, вие со коли знаете каде е, тука нема ниеден семафор, на раскрсницата Џон Кенеди и Косовски Бригади.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали барате информација од Владата за денешнава седница по тоа прашање?

VII/3.-

**ФАИК АБДИ:**

На есенските седници. На прва од есенските седници. Не ќе може порано, тоа е голема работа.

**ЈАНЕ МИЉОВСКИ:**

Јас ве молам мојава интервенција да биде навистина добронамерно сфатена во смисол да ја рационализираме оваа работа заедничка која што тука не чека. Ако ги следевте последните неколку јавувања вие ќе видите дека речиси саат време фактички се бавиме со таканаречени информации, меѓутоа фактички се работи за тематика на пратенички прашања. Пратенички прашања имаме на крајот на оваа седница. Јас претпоставувам дека: ќе бидат присутни најголем дел од министрите и ќе можеме рационално да ја обавиме работата тогаш. Мислам дека не си правиме добра услуга ако институтот пратенички прашања го ставиме во времето на утврдување на дневниот ред. Практички не можеме да почнеме со седницата, практички ја претовараме институцијата пратенички прашања пред другите да оди. Мислам дека за секоја поединечна точка јас радо не би се јавувал, јас дури и не би сакал да спорам дека има потреба за некои работи да се даде информација, да се обавестат пратениците, на тоа впрочем имаат и право. Мислам дека 99,9% од излагањата тука укажуваат токму на тоа дека најрационално ќе биде да бидат поставени во форма на пратенички прашања кои што ќе добијат и соодветен одговор од Владата.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ќе ја известиме Владата за вашиот предлог за барањето за информација на есенската сесија на Собранието.

**СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, мислам дека министерот потпретседател на Владата отиде многу далеку и наметнува право на работа на

Парламентот. Така би било министре ако функционира институцијата пратеничко прашаше. Затоа што не функционира институцијата пратеничко прашање, затоа пратениците бараат друга форма. Кога би било се нормално, нормално би се одвивало. А ова по трет пат денеска наметнувате како да работи Парламентот. Му укажувам на господинот претседател дека требаше да ве прекине вас бидејќи исто и вие ја злоупотребивте говорницата.

**КИРЕ ВИДИМЧЕ**

Со оглед на тоа дека еве досегашниот веќе утврден да речам дневен ред, дел од дневниот ред, пред нас имаме една долга седница и јас ќе барам дополнување на овој дневен ред со две информации за кои сметам дека Владата ќе биде апсолутно спремна да ги изготви уште повеќе заради тоа што за овие две информации јас веќе имам во многу наврати поставувано пратенички прашања и сеуште чекам одговори.

Прво, до каде е стигнато и како се мисли да се реализира патниот правец Титов Велес - Прилеп преку Бабуна кој е обеќан на југозападниот крај на Македонија уште пред две години и кој за жал сеуште можам да речам не се ни работи, бидејќи образложение во принцип многу пати досега поставував пратеничко прашање на кое сеуште немам добиено одговор. А со донесувањето на Законот за јавните патишта на овој Парламент му се одзеде правото да има увид во програмата. Така што повеќе ние нема да знаеме ни до каде е тоа. Единствен начин ние како пратеници да дознаеме нешто и да им го кажеме на нашите бирачи е институтот барање информација бидејќи со досегашниот однос на Владата институтот пратеничко прашање е апсолутно девалвиран и уште повеќе со денешното неприфаќање на моите предлог - заклучоци. По тоа по пратеничките прашања за жал пратеничката група на СДС уште повеќе го девалвира и јас би се зачудил ако воопшто некој од

пратениците од СДС од сега натаму и воопшто станува да поставува пратенички прашања. Затоа ќе ни дозволите да а искористиме следната етапа од нашите права, тоа е барање на информација од Владата кои се надевам дека ќе се обидеме да ги добиеме, но за жал со денешното одвивање:на седницата веќе се гледа следната етапа како одговор од Владата, односно во голем дел пак информациите ако се добијат не се дала шанса воопшто да се расправа, туку се одлагаат, се тргнуваат Од дневниот ред. Значи повторувам првото прашање се однесува на патниот правец Титов Велес - Прилеп преку Бабуна до каде е стигнато; колку пари се мисли годинава да се вложи, би сакал да добијам динамика за наредните години, односно програма до кога се мисли патниот правец да биде пуштен во сообраќај.

Второто прашање е во врска со средствата кои беа предвидени, обеќани и наменети за оштетените од земјотресот кој се случи на 1 септември 1994 година. Јас ова прашање не знам колку пати го поставив и можеби е куриозитет на дел од ова прашање веќе чекам година и три месеци да ми се одговори и сеуште не ми е одговорено. Веројатно на некого тоа така му одговара. Затоа сега сум единствено оставен во ситуација да поставам барање за изготвување информација и сигурен сум дека Владата ќе може да одговори бидејќи сепак година и три месеци имаше пред себе период да го подготви овој одговор и верувам дека до крајот на оваа седница која влегувам ќе трае подолго ќе има време комотно да ја подготви информацијата, односно до каде е со прибирањето на средствата, зошто не е доплатено сето она што е ветено. Би сакал да се потсетат малку господата министри на сето она што го прашав во досегашните пратенички прашања во врска со средствата околу обесштетување на настраданите од земјотресот.

VII/6.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Кој е за предлогот на господинот Видимче Владата да подготви информација за денешната седница за тоа до каде се работите со патниот правец Титов Велес - Прилеп преку Бабуна, да крене рака. (27 пратеници гласа за).

Дали има некој против'5? (3 пратеника).

Дали некој се воздржува од гласање? (30 пратеници).

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Кој е за предлогот на господинот Видимче Владата да подготви информација за последиците од земјотресот во 1994 година и обесштетувањето на граѓаните, молам да крене рака? (22 пратеника).

Дали има некој против? (Никој).

Дали некој се воздржува од гласање? (30 пратеници).

Констатирам дека предлогот не е усвоен.

Дали уште некој пратеник сака да предложи дополнување и изменување на дневниот ред? (Не).

Кој е за предложениот дневен ред, молам да крене рака? (54 пратеници).

Дали има некој против? (7 пратеници).

Дали некој се воздржува од гласање? (1 пратеник).

Констатирам дека предложениот дневен ред е усвоен, се разбира заедно дополнет со предлогот на господин Руфи Османи.

Господинот Газменд Ајдарага има процедурална забелешка.

**ГАЗМЕНД АЈДАРАГА:**

Со оглед што е усвоена и ставена во дневен ред Информацијата по точка 23 за состојбата; со лигавка и шап, а со оглед на тоа што ја прочитав и нешто фали, не е целосна, ќе има време да се дополни. Затоа предлагам да се дополни пред да расправаме за неа и технички не одговара.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Претставникот на Владата прифаќа да се дополни. Господинот Ќенан Хасипи има деловничка интервенција.

**ЌЕНАН ХАСИПИ:**

Со оглед на тоа дека дневниот ред дефакто е усвоен, барам потпретседателот со оглед дека е многу проширен, претпоставувам дека ќе има широка расправа,, да го ограничиме временски траењето на седниците. Второ, по можност да утврдиме временски паузи кога ќе настанат и трето, секој говорник што ќе се јавува на говорница, наредниот говорник да биде најавен по можност за да знаеме, за да имаме конструктивност во дискусиите. Значи тој што излага на говорница, наредниот да биде најавен кој е после него.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам господине Хасипи дали имате конкретен предлог на колку да се ограничи дискусијата.

**ЌЕНАН ХАСИПИ:**

Не се работи за дискусиите. Се работи за тоа што по списокот се јавуваат за дискусија на говорница. Додека едниот е на говорница, пред тој да земе збор, да се најави кој е нареден после него.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За тоа се согласувам. За тоа не треба да се гласа. Вие прво предложивте заради обемниот дневен ред да се ограничи траењето на дискусијата.

**ЌЕНАН ХАСИПИ:**

Времетраењето, од прилика да се знае дали седниците ќе траат до 5 навечер за да знаеме, или ќе тера понатаму, веројатно да имаме ориентација, за да не доаѓаме во ситуација да немаме кворум.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

За тоа не се гласа. Со оглед на значењето на прашањата што се предлагаат за оваа седница предлагам пратеничките прашања да ги поминеме по исцрпувањето на точките од дневниот ред.

Кој е за предлогот, молам да крене рака? (54 пратеници гласа за).

Дали има некој против? (6 пратеници).

Дали некој се воздржува? (5 пратеници).

Констатирам дека предлогот е усвоен.

VIII/1.- ПЈ/ЉР

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Минуваме на **точка 1** - Интерпелација за работата на членот на Владата на РМ и министер за внатрешни работи Томислав Чокревски.

Интерпелацијата и договорот на министерот за внатрешни работи д-р Томислав Чокревски по Интеркалацијата ви се доставени.

Отворам претрес

Дали некој од подносителите сака да ја образложи интерпелацијата.

Има збор г-дин Крстевски.

**ЗОРАН КРСТЕВСКИ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и министри, јас сум еден од иницијаторите, меѓутоа не е во сценариото, ниту по Деловникот задолжителен од а ја образложувам во името на сите подносители, веројатно низ дискусијата ќе се односно секој ќе ги каже аргументите од кои позиции ја покренал оваа иницијатива. Она што може да констатираме дека ова е прва интерпелација во состав на овој Парламент што се покренува и веројатно од аспект на демократското искуство и парламентаризмот на Македонија ќе биде значајно искуство, кое ќе укаже на фактот дека низ уставниот принцип на одговорност јавно искажано мислење или работа на институција или орган може да се развива дијалог и да се сочуваат аргументите. Интерпелацијата е поднесена за изјавата на министерот за внатрешни работи Чокревски по повод празникот на Полицијата и тоа беше пренесувано до медиумите реакцијата беше онаква каква што секој се најде за сходно да ја коментира од аспект на изјавата на самиот министер. Оттогаш помина доста време. Деловнички се искористи што е можно да се одвлече вниманието на јавноста и на пратеничкиот состав околу оваа работа,

така  што мотив најповеќе за дискусија секако ќе ни биде потсетувањето на таа изјава, како и одговорот на министерот по истата.

Јас се јавив од две причини да ја покренам оваа интерпелација затоа што случајно сум меѓу оние пратеници кои во првиот мандат бев пратеник и сега и сметав дека низ процесот на транзицијата во РМ, покрај сето она што позитивно сакавме да го истакнеме, дојде времето и моментот да проговориме за одредени промени, однесувања во општеството во кои само наслутувавме и така да кажам имавме повеќе сознанија од получаршијата или од некои други полуизвори или извори.

Кога ја слушнав изјавата на министерот, лично се обидов да не ја толкувам онака како што во првиот момент ми заличи, бидејќи познавајќи го министерот и почитувајќи како еден од професорите и мој професор на Правниот факултет дека како нов министер за внатрешни работи дошол до одредени сознанија кои експлицитно ќе утврдат девијантни појави односно поврзаност на, ако што беше, изјавата одредени новинари со структури дали во полицијата, во нешто друго, кои на одреден начин ке го потврдат тој брак, административен брак на новинарите, или на одредени кругови во новинарството, кои за одредени појави и интерес на јавноста, наместо објективно да интервенира, создаваат крива слика. Тоа ми беше мотивот и го чекав моментот кога ке се излезе со податоци дека таа работа е и на одреден начин ке се потврдат и одредени работи за кои, да речеме во еден друг систем, во едни идеолошки околности на организирање на општествениот живот во РМ, таквите појави не зачудувале или биле да кажам познати.

Следеше само една бурна реакција на новинарите, или преку осуда на изјавата, барање на одговорност на министерот, или пак

барање на дециден одговор, посочување на имиња, случаи итн., кои би се однесувале во поткрепа на фактите. Оттука, најмногу заради кое гледам дека треба овде да се разговара за оваа интерпелација е всушност одговорот на министерот, кој пред мене поставува едно основно прашање. Министерот погрешно процени, даде изјава што не е в склад со неговите убедувања и начин на делување во животот пред да постане министер, или министерот после таа изјава дефакто се уплаши и на јавноста ја ускрати од тоа и предочи факти закажаното.

Оттука, првата точка;на одбраната во одговорот на интерпелацијата дека всушност се работи за интерпелација која е упатена на слободно изразен став по одредено прашање од страна на министерот, алудирајќи на тоа дека слободата на говорот е загарантирана со Уставот, а не за работа на самиот министер или на неговото министерство, всушност е најлошата и најслаба одбрана точка на одбраната од оваа интерпелација. Имено за што се работи. Прва и основна задача и функција на секој министер во една влада која по принцип на парламентарни избори на повеќе партиски избори се избира е да води грижа за јавно искажаните ставови. Всушност, министрите се политички личности кои прокламираат политика на Влада односно на партија која е на власт. Оттука изјавата, во форма и начин како што беше дадена претставува отворена закана за новинарството, за правото на слобода на печатот и на одреден начин претставува притисок одговор на таквиот начин на пишување ако се најде за сходно да се аргументира дека не е објективен и не е вистинит, дека не претставува правото на одговор, туку правото на молчење е основен принцип. Така, за министерот и за секој министер за Владата јавно изречениот збор е основа за проценака на Парламентот дали ке покрене или не интерпелација.

Втората работа на која сакам да укажам и за која мислам дека е важно да се спомне е тоа дека министерот кажа дека постои административен брак, па се повлече. Не можам да разберам што од обраната на министерот тоа значи, меѓутоа, она што вчера или завчера а не е демантирано, се оградувам во тој дел, можеби министерството подготвува информација, се случило на граничниот премин Табановце, само е во потврда на ставот на министерот дека односот на полицијата врз новинарите е таков каков што го прогласи министерот. Уште помалку сум убеден во коинциденцијата дека мерката е преземена токму по случајност или по некој друг основа на новинарот кој беше повод, или можеби инспирација на министерот да ја даде изјавата, а се однесуваше на извештајот на РТВ - Скопје во врска со атентатот и истражните активности во рамките на полицијата.

Во текстот на одбраната на Интерпелацијата министерот се прогласува себе си за нападнат и прогласува атмосфера на линч само заради тоа што новинарите отворено и јавно протестираа против неговата изјава. Мислам премногу мислам тоа го сфатив за човек кој верувам има демократски и како јавна личност делував и досега, може самодобронамерно и самокритички да прифати едно такво укажување какво што беше укажувањето на новинарската јавност по основ на неговата изјава. Она што како оној пратеник да ако строфирам некој што во политичка смисла се бави со политиката, ме зачувува што квалификативот и мотивот на одбраната во однос на прашањето на тоа дали новинарите пишуваат вистина или невистина околу атентатот, ја врзува министерот за прашањето на политизацијата на истрагата околу атентатот. Дали министерот мисли дека атентатот има некоја друга позадина, дали пак недоволно и несвесно ја си кажал таа забелешка. бидејќи да го потсетам дека овој парламент веднаш после 3 октомври донесе декларација со која, освен што го осуди чинот на атентатот према

претседателот, го прогласи она што беше најсуштествено дека всушност атентатот претставува параселанс политички чин и тоа чин на напад на суверенитетот на државата претставен преку претседателот на државата. Оттука, не разбирам што значи политизацијата на случајот. Зошто министерот низ една полуреченица сака да одбрани она што не може да се одбрани, а што се потврдува и точката која што треба да ја разгледуваме,. односно Информацијата околу текот на истрагата. Станува збор за редица изјави со политичка и друга конотација на претходниот министер во врска со истрагата на атентатот, како и со редица активности, кои по тој основ беа пласирани од страна на Министерството за внатрешни работи и се однесуваа за атентатот.

Мислам дека прашањето за атентатот, истрагата и сето она што го водевме како расправа околу потребата и Парламентот, преку уставната форма, Анкетна комисија да се вклучи е само во функција прашањето околу загрозеноста на живот и имотот на граѓаните да се воздигне на едно повисоко ниво. И неразбирливо е , патем да спомнам, што долго овој Парламент, односно водечката парламентарна група и владата на РМ се спротивставува да се даде една таква информација за која би требало да се расправа во овој Парламент.

Во .однос на една констатација дека во Извештајот на новинарот се пробиени информации од Министерството за внатрешни работи не оди во одбрана на ставот на министерот дека не сноси одговорност за тоа или дека така објавените информации од страна на новинарот значат отежнување на истрагата. Токму на против зборува за одговорност на Министерството и договорните во Министерството, што дел од информациите им пробиваат таму за каде што сметаат или не сметаат дек во моментот треба да постојат.

VIII/6.-

На крајот, мислам дека, односно ме зачудува што така категорично министерот тврди дека во Министерството за внатрешни работи не постојат досиеја за новинари и не се прават. Мислам дека тоа е нешто што би требало министерот да си го преиспита како став. Се плашам дека ниту него не го го обвинува во таа смисла дека тој прави досиеја. Меѓутоа се плашам дека по прашањата на улогата на медиумите, по прашањето на улогата на новинарството во поранешниот систем дека од историски аспект, од аспект на одговорност на оваа генерација за демократските процеси е многу лошо да се затвори тоа досие и да не дојде како едно од отворените прашања за кое отворено ова општество треба да проговори. Колку да е таа вистина болна, колку таа вистина да не одговара во дадениот момент, меѓутоа, тоа е нешто кое оваа генерација, овој Парламент, ова Законодавство и ова судство не може да се ослободи.

Се определив само да зборувам за овие аспекти за кои самиот министер ги постави во одговорот на Интерпелацијата, не се определив да ја проширувам темата околу интерпелацијата затоа што по мое длабоко убедување и она што посебно си го поставувам после 6 години работа во овој Парламент, што е тоа што на релација законодавна власт, извршна власт, на релација на Влада и Парламент треба во ова општество да се случува за да поодделни прашања се покрене да постои елементарна политичка етика и морал да се одговара за состојби, за постапки и за изнесени гледишта, а кои директно ги засегаат сите граѓани на РМ. Што е тоа што, од кога се деси атентатот немавме одговорност од ниеден аспект по прашањето, никој не одговараше. Сега го имаме случајот со добитокот. Се кесе поколе се ќе остане, последиците ќе бидат. Дали постои малку, некој морален или етички принцип кој треба внатре во Владата, кај премиерот или кај поединците на Владата да постои како одговор на тие збиднувања.

VIII/8.-

Што е она каде што ќе се сретне стварноста со одговорноста за состојбите во оваа држава. По мене тука е клучот на одговорот, затоа што. знаете како е, овие што прашуваат дали после два месеца или колку , ја поднесовме оваа интерпелација, зошто, се знае што ќе биде одговорот. Зошто покренувате, дури го прочитав денеска од мојот колега во весник тоа дека министерот остро кажал ама може едно да зборува, важно е друго да работи. Мислам дека тие вредносни критериуми мораме малку да ги штелуваме и да бидат во склад со некој норми, Европски, Светски или како сакате да ги наречете на кои прашањето на моралот и етиката на поединецот во власта ќе добие на значење.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дали некој друг бара збор?

IX/1.-JJ/OM

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Има збор г-динот Панчо Минов.

**ПАНЧО МИНОВ:**

Почитуван претседателе, почитувани пратеници и министри, во одговорот на интерпелацијата на министерот за внатрешни работи г-динот Чокревски, најнапред се наведуваат две така наречени претходни прашања.

првото е дека содржината на интерпелацијата се однесувала за работи кои не се во надлежност на Министерството за внатрешни работи на неговата јавна функција како министер за внатрешни работи туку дека се некои слободни активности од делот на прославувањето и изјавата пред новинарите по повод празникот на полицијата.

Сметам дека ова е јасно неаргументирано, условно кажано објаснување на министерот затоа што основан аи прва работа на министерот е да ги застапува ставовите на Владата преку министерот и Министерството и во тие рамки прва и основна работа се давањето на изјавите пред јавноста. Не е работа на министерот да се бави со оперативно полицајки работи, туку токму ова напред кажано политичка функција, политичко лице и застапување на ставови на Владата во ресорот на Министерството за внатрешни работи и давањето на изјави пред јавноста. Ако е тоа така тогаш министерот ја работи својата основна работа давајќи изјава пред новинарите по повод празникот на полицијата, но работејќи ја својата основна работа, испаѓа работава така што вршел работи што не му се работи, односно влегувал во оценки за подобност и неподобност на новинари дека му е надлежност да врши класирање на новинари во врска со тоа кој критикува за атентатот, кој е на линија на Министерството за внатрешни работи во опишувањето на атентатот. Наговестува досиеја се на едно фактички вршел, работејќи ја

основната функција, пречекорување во својата работа.

Се поставува прашање дали министерот со ова не ја открива една вистинска состојба во Министерството, дали не ги открил вистинските постоења на така наречен "административен брак" на одредени новинари со Министерството дека тоа го има . Ако тоа не го открива со овие свои изјави, тогаш фактички врши објективно штитење на оние новинари што се во "административен брак" во Министерството за внатрешни работи. Нормално после вакви изјави се очекува страст и самоконтрола на новинарите. Најпогубно нешто што може како последица да настане по слободното и јавно објективно информирање. Се зборува дека тоа било целата за офанзива по изнесувањето на вистина во информирањето. Поминаа 4 месеци од оваа изјава и од таа офанзива, најавена од министерот за вистината во новинарството, посебно по повод пишувањето за работата на Министерството конкретно за текот и исходот од истрагата по атентатот не се кажува кои се тие"вистински новинари "што ете вршат попречување на текот на истрагата со своето криво информирање, со неточности, со истргнување на суштината од информацијата. Исто така не се кажува ни тие кои се така да кажам што веќе познатите нивни здрави снаги во новинарството кои што се на линијата на информирањето кое не му пречи на професионалното, стручно обавување на истрагата, со еден краен заклучок недвосмислен дека се критикува, се наговестува последица за оние новинари кои критикуваат за работата на Министерството, наместо вистинито и објективно да се информира за тоа, до каде е стигнат текот и исходот од истрагата во врска со атентатот.

Содржински гледано изјавата наговестува и потврдува една пракса што и во нашите простори во поранешната ЈУ држава, и во некои

соседни држави не е непозната. Меѓутоа, запрепастува и не е познато власта, министерот да се пали со тој "административен брак" меѓу министерството и новинарите, јавно да се заканува кон новинарите, ова е , прв случај и затоа се неминовни последиците за одговорноста за една таква изјава.

Ако се анализираат причините, се поставува прашање за секој граѓанин по однос на текот на истрагата и резултатите од истрагата по атентатот и наместо одговор на тоа прашање, да се даде за тоа до каде е стигната истрагата, се дава едно заканување на секој, не само што е новинар туку и граѓанин ако си го постави прашањето за тоа како работи полицијата, а уште повеќе ако постави прашање во една конотација на критикување на работата на полицијата. Мислам дека ова е катастрофално и погубно за секој што ете од аспект на информираност како граѓанин за тоа како работи полицијата, за тоа до каде е стигната постапката со истрагата, да дочекува преку, во овој случај, наговестување на офанзива спрема новинарите, сигурно тоа последователно и за секој еден граѓанин ако се интересира или бара информирање, за да биде информиран граѓанин и за от акако работи полицијата, а сите издвојуваме средства за нејзино финансирање, да очекува закани и наговестувања на последици ако бара јавно информирање за нејзината работа.

Сите странски делегации и посматрачи првото прашање го поставуваат за тоа кои се вистините по однос на тоа дека еден министер е стварно изречена една таква изјава во која што фрагрантно се напаѓа новинарството и се закани врз објективното и слободно информирање. Тоа неодминливо дава една последица на досегашниот долгогодишен развој на демократијата во оваа држава која го остваруваше.

Не е на одмет да се спомнат и некои други изјави на министерот кои што доловуваат во контекст на оваа изјава за слободата и објектив-

носта на новинарството од типот дека тој зборува дека ете, една мала група која ја презема власта во државата дека улогата на претседателот на РМ и на Собранието на РМ дека е преголема во однос на извршната власт. Така да се поставува прашањето за премиерот , најлогично, примерно, што треба да направи еден министер за да се покрене одговорност спрема него.

На г-динот Фрчковски му се деси атентатот врз претседателот на Републиката. Никаква одговорност. Г-динот Миљовски направи хаос и метеж во финансиската состојба, никаква одговорност. Г-динот Чокревски изјавата за која сега има интерпелација. Г-динот Ханџиски кој што е одговорен за заштита на границите им изрази големо гостопримство на стоката која што ни ја донесе лигавката и шапот, никаква одговорност.

Во одговорот по интерпелацијата се зборува дека истрагата и атентатот се политизираат. А Собранието веднаш после атентат донесе декларација во која утврди дека атентатот има исклучиво недвосмислено јасно политички карактер, односно е напад врз државата. Преку атентатот на претседателот на Републиката, фактички се врши директен напад врз државата РМ. Со тоа, ако се објаснува дека пишувањето или критиката по однос на истрагата и атентатот се политизира и со тоа се смета професионално стручниот дел на истрагата, мислам дека се има само за цел да се минимизира она што со атентатот беше утврдено и од ова Собрание односно дека атентатот има политички карактер и напад ан самата Држава.

Иако министерот се повикува на своите демократски определби, додека беше министер за внатрешни работи г-дин Фрчковски, Форумот каде што тој е претседател фактички што него го уништи како Форум. Истиот не се состануваше повеќе, па дури и по такви прашања кога имаше

IX/5.-

масовни, групни тепачки меѓу разни ексцесни случаи за кои што расправаше овој Парламент и во кој што имаше човечки жртви. Не се непознати но многу извештаи од Стејдепартментот, од Хелсиншкиот Парламент каде што имаат сериозни забелешки, токму во доменот на заштитата на човечките права и слободи.

Јас не знам, али мислам единствен случај е ова кога еден министер за внатрешни работи сеуште е претседател на Форум за заштита на човечки права и слободи.

Искажувајќи го сето ова напред, мислам дека целта е новинарите да не пишуваат што е критика на Владата и на Министерството. Во одговорот на интерпелацијата се зборува дека со вакви форми како што е интерпелација или со такви политизирани новинарски информирања, фактички се врши атентат врз Министерството за внатрешни работи и се попречува неговото професионално и стручно извршување на истрагата. Фактички атентат се врши ако се, или како што се изразува линч врз самиот министер ако се оневозможува некој да си ја врши работата, овластувањата или надлежностите конкретно еве за истрагата по повод атентатот. А најмалку е атентат ако се критикува или се укажува дека таа истрага по однос на атентатот треба за неа јавно да се информира секој и да се каже дека е незадоволителна, неефикасна по досегашниот тек на истрагата.

Една апсурдна изјава која толку е анахрона да морам да ја искоментирам во смисла дека полицијата го штити битието на народот и на граѓаните. ве молам, тоа многу наликува на наговестување на полициска држава. Оваа држава си има свое уставно уредување, си има субјекти демократски институции, уредени со Уставот и величењето на

полицијата како заштитник на народот и државата мислам дека е многу опасно за сите нас, пред се за граѓаните.

Во одговорот на интерпелацијата министерот Чокревски поставува прашања кои се вистинските мотиви на Пратеничката група на ЛП да ја постави оваа интерпелација. Вистинскиот мотив е дали оваа изјава на министерот Чокревски е негово лично убедување или тоа се програмски определби на Владата на РМ. Мотивите се даде одговор зошто молчи премиерот по однос на ваков фрагрантен случај. Вистинските мотиви е да се надмине со овие изјави целта за да се врши притисок врз слободното и објективно новинарство и на крајот вистинскиот мотив е министерот Чокревски да си оди од функцијата.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор г-динот Зоран Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Почитуван потпретседателе, дами и господа пратеници, почитувани министри, интерпелацијата е еден институт што е предвиден, речиси во сите парламентарни системи односно во сите системи со пвоеќепартиски систем. Така е и во нашиот политички систем, во членот 7 2 од Уставот на РМ. Предвидена е интерпелацијата и е разработен овој институт. Дали е доволно разработен, или не, тоа е друго прашање. Меѓутоа, ова демократско право односно оваа демократска придобивка до која е дојдено со развојот на парламентарната демократија во повеќето земји со развиена парламентарна демократија е дојдено и кај нас, и е преземена во новиот Устав.

Уставот иако ја разработил доста штуро со неколку члена оваа институција, меѓутоа сепак предвидел еден демократски цензус,цензус

само од 5 пратеника кои можат да,го користат ова право, со тоа што им дал и на помалите пратенички групи, односно на една група пратеници да се применува, веројатно при донесување на Уставот се сметало дека ова ќе биде еден од основите за развојот на демократијата и во развојот на плурализмот во Република Македонија, и со оваа можност, релативно лесно да се покренува, се сметало на развој на овие односи. Како што рече еден од претходните дискутанти ова е прв случај во овој парламент, во овој состав, во оваа двегодишно работење да се покрене интерпелација од една пратеничка група, а тоа е од пратеничката група на Либералната партија. Така да оваа интерпелација која што е доста развиена вод ругите демократски системи односно другите плуралистички системи треба да се смета како нормална појава, па веројатно и кај нас со текот на развојот на демократијата ќе биде и почесто применувана, а ќе биде и практична примена на она што е предвидено во Уставот на Република Македонија.

Што се однесува до конкретната интерпелација што ја поднесе оваа пратеничка група на ЛП, таа интерпелација е инспирирана од изјавата на министерот, а особено во изјавата за весникот "Нова Македонија и "Вечер" како и за Радио "Нома". Овие изјави, произлегуваат секако од вршење на политичка функција на министер на Влада бидејќи се работи за политичка Влада, зашто ние сега имаме политичка Влада и министрите се политички личности. Немаме експертска Влада, па да се земе дека тоа не е некако во вршењето на ова, така да сите наши министри, сите министри - членови на Влада се членови на некоја партија, или пак се предложени од некоја партија или некоја партија стои зад нив и со политички личности.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:(**ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Едно од основните работи во нашиот систем а и во другите парламентарни системи и задачи на министрите е да оштат со јавноста и да даваат изјави, се разбира кои имаат повеќе или помалку политички карактер, но во секој случај изјавите на министрите и членовите на Влада имаат политички карактер и спаѓаат во дел од вршењето на функцијата односно од работењето на министерот.

Што се однесува до одговорот каде што беше наведено дека министерот се надева дека оваа интерпелација од страна на пратеничката група на либералната партија е добронамерна и дека се јавува како една загриженост за развојот на демократските процеси иако има еден друг дел, јас сепак се надевам дека мислел министерот во својот одговор на првиот дел, секако дека оваа интерпелација е добронамерна и се јавува како резултат на загриженоста за развојот на демократските процеси во РМ,

На ова би се надоврзал и на она што го кажа г-динот Минов дека веќе три години се најавува процес на реформа, реорганизација односно трансформација на МВР, веќе три години онаа иницијатива која потекна од минатиот парламент од пратеничката група на ЛП и она што беше кажано и при усвојување на Законот за МВР, кога беше друг министер, не г-динот Чокревски, во тоа залагаше на пратеничката група на ЛП и воопшто на Либералната партија беше укажано дека оваа трансформација треба повеќе сегменти, нешто се зборува накусо во одговорот, меѓутоа не е доволно разработено и не е доволно објаснето. Оваа трансформација опфаќаше повеќе сегменти на трансформација на МВР и тогаш пред три години и минатата година како и сега секогаш беше напоменувано дека се прифаќаат сите овие иницијативи на ЛП за трансформација на МВР односно за претоварање на еден голем дел од Министерството во вистински сервис на граѓаните односно одвојување на одредени служби.

X/2.-

Тогаш беше кажано дека издавањето на патни исправи итн., во сите развиени земји е во надлежност на МВР, лични карти во некои заводи или во некои други органи,1независни, владини, мислам во секој случај владини органи независни од Министерството итн., и беше често пари одговорено дека и ставот на Министерството и ставот на Владата е токму идентичен со ставот на пратеничката група на ЛП да се трансформира тоа Министерство. Меѓутоа, сепак сме сведоци дека изминуваат повеќе од три години и од оваа трансформација е многу малку направено, тука пред се во поглед на трансформацијата, би се задржал само на кратко на управните служби како што се определени со актот за систематизација за МВР односно или шалтерски служби како што подрубливо ги нарече еден поранешен министер.

Овие управни работи беше наговестено дека треба да се издвојат постепено или одеднаш од составот на министерството така да граѓанинот како и во други земји има работа, би кажал условно со МВР или народски кажано со полицијата само кога ќе стори некој престап, а не да ги вади сите оние секојдневни документи почнувајќи од возачките дозволи, крштеници итн., и дека овој сервис треба да се развие и да се издвои.

Тогаш беше одговорено дека се прифаќа тоа, меѓутоа, ни со едно министерство ни со еден завод и тн. во моментот не бил способен да ги преземе сите тие ингеренции, а дека МВР ќе работи интензивно на оспособување односно на издвојување на овој сегмент од МВР во некој независен завод, во некој друг орган или во некое друго евентуално министерство. Меѓутоа, сведоци сме дека еве и оваа Влада како е конституирана веќе шест месеци многу малку направила на овој план и не е одговорено до каде е со таа трансформација и дали се предвидува наскоро да биде истата извршена.

Недостасуваат и низа други закони кои треба да се подготват од оваа сфера и исто така не е јасно кога ќе бидат ставени на дневен ред. За тоа немаме одговор ниту од самото министерство, ниту пак од Владата која е предлагач на ова.

Сега само накратко би се навратил на самите причини и мотиви од името на пратеничката група на ЛП. Според нас оваа изјава досега е незабележана во РМ односно на еден ваков начин да се општи со јавноста односно на еден ваков начин да се комуницира со јавноста и на еден ваков начин да се изнесуваат квалификации за одредени новинари односно одредени претставници на мас-Медиумите. Ова не е забележано барем колку што знам јас во последните 5,5 години од воведувањето на плурализмот, може би порано односно не памтам имало такви случаи, не можам да тврдам меѓутоа, овие 5,5 години ниту еден министер, а посебно од оваа област немал изјави од ваков тип и оттаму наиде оваа изјава пред се, би рекол, за радио НОМА Вечер и Нова Македонија, бидејќи имаше и некои други изјави, меѓутоа овде беше ударна... (пратеникот Љубомир Поповски реагира од место)

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Ве молам, немојте од место, повелете.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Не, г-дине Поповски, навистина не ве прекинувам.

**БЛАГОЈА ФИЛИПОВСКИ:**

Ве молам повелете г-дине Шапуриќ.

**ЗОРАН ШАПУРИЌ:**

Така да според пратеничката група на ЛП не е нормална оваа појава на таков начин да се изнесуваат квалификации во јавноста за работењето на средствата за јавно информирање односно за одредени новинари и остана многу неразјаснето дали ова што беше кажано се однесува на одредени новинари. Јас длабоко верувам и пратеничката

група дека веројатно на определени новинари, не на сите, јас сум длабоко уверен дека голем дел од новинарите известуваат објективно и не се во некои административни бракови итн., или нешто слично. Така да е нормално во секој демократски систем новинарите да известуваат за одредени појави во општествениот живот, да кажуваат свои погледи и мислења, да критикуваат ,да го критикуваат работењето на разни органи, разни институции, разни министерства, па така и на министерството за внатрешни работи, и не би требало да биде некоја пречка и некоја кочница да и понатаму критиката биде без оглед дали имало некои мотиви итн., меѓутоа слобода на вршење на новинарската професија е загарантирана и во Уставот на РМ. Така да нивно право е да ги критикуваат сите органи Владата, Министерствата па дури и овој парламент, знаете дека е често пати подложен на критики од јавноста односно од претставниците на печатот и тоа е нормална појава . Се разбира секогаш нас тоа не ни одговара и ние реагираме на тоа, меѓутоа мора а се има еден начин како и што да се реагира.

Сето ова остана за нас сеуште нејасно и очекуваме веројатно Министерот да појасни односно да даде дообјаснување на овој свој одговор, дали воопшто постоеле такви административни бракови и какви се тие бракови дали биле некои од новинарите во нив порано или сега или така натаму или дали тој ја наследил таа состојба, така да останува замаглено и за нас и за јавноста на што се мислело и што се сакало со тоа а се каже. Дали може би со тоа се имало намера да се врши класификација на новинарите на подобни и неподобни или некоја друга класификација, така да низа од овие работи останаа бар за нас неразјаснети и мислиме дека би било во интерес на развојот на демократијата, плурализмот во Македонија да се разјаснат тие работи и од тие причини беше инспирирана оваа интерпелација на пратеничката група на ЛП, не од некои други побуди како што некои се обидоа да го прокоментираат дека тоа се работи за некои лични работи итн., тоа

воопшто не доаѓа во предвид се работи за една концепција особено околу трансформацијата на МВР која три години веќе ја очекуваме и се работи за една желба да се забрзаат демократските процеси, да се напушти некое време минато кога ги имало тие досиеа, дали сега ги има не знам, за новинари, меѓутоа ние длабоко веруваме дека сето ова, и оваа расправа денес ќе придонесе за развојот на демократските процеси во Република Македонија и длабоко сум уверен во Тоа.
Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Господин Пруси процедурално.

**АБДУРАУФ ПРУСИ:**

Почитуван претседателе, почитувани колеги, овде расправаме веќе 6 саати за разни проблеми, ми се чини дека сите сме уморни и не сме веќе во состојба да ги следиме дискусиите и да бидеме конструктивни во нашите дискусии.

Затоа предлагам да прекинеме со денешната седница и да продолжиме утре и зависи од потпретседателот кога ќе закаже, во колку часот, за утре. Исто така не се присутни еден голем број на пратеници колеги и мислам дека после 6 саати не сме веќе во состојба да ги следиме дискусиите и не сме веќе во ситуација да дискутираме.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Интервенцијата е од процедурален карактер, но имаме уште двајца пријавени по оваа точка и предлагам да направиме напор да ја завршиме.

Има збор Мирко Пецов, а по него господинот Руфи Османи.

X/6.-

**МИРКО ПЕЦОВ:**

Почитуван потпретседателе, почитувани пратеници, интерпелацијата за работата на министерот за внатрешни работи сакам да ја искористам и да кажам неколку работи за три субјекти што се во интерпелацијата, за самата иницијатива, за иницијаторот, за МВР и за новинарите.

Прво, покренатата интерпелацијата за работата на министерот за внатрешни работи лично не ја поддржувам, а и ставот на Социјалистичката партија сакам да го пренесам дека ние не можеме да земаме луѓе на одговорност за изречени мисли ,со кои има цел да се дојде до правите вистини до некои состојби. Се надевам дека односно мислам дека министерот на ова место е релативно кратко време и очекувам дека во наредниот период ќе даде далеку подобри резултати. Интерпелацијата ми дава шанса да кажам и некои работи за кои усмено не ми беше дадено шанса да соопштам на МВР.

Имено, ќе кажам, јас од почетокот на својот мандат се имам најавено за разговор во МВР кај претходниот министер, значи за целиот овој период на мојот мандат не успеав да дојдам на ред во МВР и сакам воопшто да кажам не важи ова само за ова Министерство и за овој министер, мислам дека чувствувам една општа некултура кај министрите да ги примат пратениците и да разговараат со нив. Пратеникот е исто државен чиновник од дадена општина, министерот е министер на тоа подрачје и заслужува секој пратеник да биде примен и да ги каже своите проблеми во тоа подрачје, особено да речеме, јас доаѓам од Виница, имавме неколку убиства, имавме неколку други разни случаи што МВР требаше да биде вклучено и се вклучуваше, меѓутоа некако што треба, не конструктивно за што сакав да поразговараме. За мене овој министер има помалку одговорност за таа работа бидејќи е само неколку месеци и мислам дека во наредниот период ќе направиме разговори и ќе ја подобри состојбата.

Сакам да кажам на кратко уште и за третиот учесник на оваа интерпелација новинарите. Тие секогаш можат да кажат за нас нешто, меѓутоа на нас пратениците ни се пружа прилика да кажеме овде, на говорница бидејќи ја имаме таа чест и должност како пратеници. Јас многу ја почитувам новинарската професија, таа е тешка и макотрпна работа, меѓутоа мислам и кога зборувам со нив имам и трема, и навистина ги почитувам. Меѓутоа, има новинари кои не заслужуваат таква професија. Еве јас ќе кажам еден пример, пред некое време разговарав со новинар, ми дојде во канцеларија, со апарат, за разговори, и кога го читам тоа во весник, гледам дека јас тоа! не сум го кажал, сам се напаѓам сам се вреѓам и такви безобразлуци не треба, тоа е сосема неуреден новинар, а е новинар да не кажам некој тежок збор. Таквите се опасни за самите колеги, за новинарските куќи и за општеството воопшто и таквите треба да ги отфрламе.

Во праксата постојат и опасни споеви помеѓу новинарите и полицијата. Тоа ми се чини го спомнуваше министерот во што се согласувам и тоа може да го посочам на локално ниво.

Јас интерпелацијата ја сфатив како можност на пратениците да укажеме на некои прописи кои ја злоупотребуваат и уназадуваат демократијата на нашето општество. Тоа беше намерата на мојата дискусија.

Благодарам.

**БЛАЖЕ ФИЛИПОВСКИ:**

Има збор господинот Руфи Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Почитувани господа, јас ќе бидам како и секојпат малку подолг (реакција на дел од пратениците во салата,) сигурно за жал за некои што сигурно немаат трпение да слушаат, но тоа е нивни проблем.

X/8.-

Овде ќе прочитам едно мое размислување изработено во врска со работата на МВР и во тој контекст и улогата на актуелниот министер за полиција, господинот Чокревски. При конституирање на оваа влада направив некои споредби и некои динкстинции во однос на форумот за човекови права и полицијата и во тие релации ми се чини овде претходно спомна господинот Минов па нема потреба да ги поновувам, дека навистина кога на чело на полиција ќе дојде човек од институција како што е форум за човекови права, сигурно граѓаните со надеж ќе очекуваат навистина тој човек кога тој форум се залагаше и требало да се залага за унапредување, за заштита итн. барем дел од таа логика и тој морал го инкорпорира во ресорот кој во сеќавањето на граѓаните на Македонија секојпат се идентификува со репресија со проблеми итн. За жал, лично морам да констатирам пренесувајќи го и размислувањето од каде што доаѓам дека нема ништо ново во ова министерство независно од рокадите кои се направија. Затоа, да не ве замарам ќе го прочитам моето размислување по оваа интерпелација и сигурно и вие и јавноста ќе го акцептира или ќе го негира.

**РУФИ ОСМАНИ:** (продолжение)

Покренатата интерпелација заедно со Декларацијата на новинарите ја поддржувам во целост со дополнителни многу посодржински елементи што во продолжение на оваа дискусија ќе ги изнесам.

При анализа на интерпелацијата и одговорот по неа се наметнува прашањето дали може да се прифати одговорот на г-динот Чокревски по повод оваа интерпелација, во која истиот причините за интерпелацијата ги сведува во рамките на вербалниот деликт, односно во сферата на јавно искажаното мислење, заборавајќи при тоа дека раководи со еден ресор од чие делување граѓаните на оваа држава, а особено немакедонците и антикомунистите, во пакет со новинарите и одредени политички субјекти имаат горко искуство. Таков луксуз не е дозволен никаде во светот г-дине Чокревски, бидејќи не смеете да заборавите дека настапувате од функцијата прв полицаец, а не од некоја си идеализирана позиција како индивидуа или како професор на една групација на општеството - студенти.

Една дистинкција, кога сме ка соодносот професор - студент во политичкиот амбиент на оваа Влада. Имајќи предвид дека имаме значителен број министри кои доаѓаат од универзитетските кабинети, во која група спаѓа и актуелниот министер на полицијата, изгледа со себе го носат и методот на комуникација сличен на оној што го имале со студентите и продолжуваат со истиот начин на однесување ставајќи при тоа знак на равенка помеѓу студентите и пратениците, односно граѓанството.

Сигурно, поттикнат од овие подбуди и г-дин Чокревски мислел дека новинарите се исто што и студентите, политички гаф што тешко се простува, особено во ова време на големи проблеми и предизвици.

Ваквото површно гледање на работите од страна на актуелниот министер не зачудува. Истиот е претставник на една школа, институција, која никако да излезе од фамозниот зачаран круг на кабинетско гледање на работите! вон реалните движења во животот. Затоа човекот резонира дека полицијата му е нему потчинета по вертикала, на чие чело стои идентично ќе треба да се однесуваат граѓаните во оваа држава, а особено новинарите, немакедонците, и првенствено албанците кои во: континуитет се мета на оваа полиција и на оваа држава.

Не, господине Чокревски, причините за оваа интерпелација не стојат во доменот на вербалниот деликт, туку напротив. Во вашата работа што во континуитет е истата како и на вашиот претходник, по чија препорака и дојдовте на ова место со репресивен интензитет во пораст во ваш стил. Погрешивте многу кога прогласивте борба на новинарите. Наместо да им нудите соработка, отвореност и комуникација, вие и вашата полиција заборавате дека имате многу отворени фронтови што спаѓаат во вашите тековни и приоритетни задачи на кои треба да ги заштитите граѓаните и државата кои, или ги занемарувате или ги заборавате и како супститут на немањето на резултати на тие сфери, одеднаш дежурни кривци за вашите неуспеси се, кој друг него ли тие мал број објективни новинари и политичките партии кои не се од вашата идеолошка провинициенција.

Препорачувам да прогласите континуирана борба против митото, корупцијата, криминалот., сивата економија и ред други нешта прво во вашите редови и на други нивоа, заедно со други институции почитувајќи ги, при тоа, позитивните прописи на оваа земја и, откако ќе се докажете со конкретни резултати во тие димензии заради кои постоите, дури тогаш можете да претендирате.

Да ја имате поддршката на јавноста вклучувајќи ги во тие редови и новинарите и другите политички субјекти кои не се по ваш терк кои легитимно и легално делуваат во оваа земја. До тогаш вашиот политички кредибилитет е сосема дискутилабилен и сомнителен.

Но, за жал, на ова поле слично на вашиот претходник проблемите ќе ги оставите во аманет на некој ваш наследник, што во никој случај не може да се одобрува во контекст на времето и проблемите со кои се соочуваме.

Во прилог на искажанава констатација, аргументи на претек, Ќе почнам со одговорот на едно мое пратеничко прашање поставено до ова министерство кое гласеше: - Врз која основа Министерството за внатрешни работи ги повикува на информативни разговори албанските студенти регистрирани во Тетовскиот универзитет?

Одговорот беше следен -"Кога постои основано сомневање дека е извршено кривично дело кое се гони по службена должност со цел за откривање на сторителот , како и да се соберат сите известувања што би можеле да бидат од корист за успешно водење на кривичната постапка, дотичното министерство е овластено да превзема повеќе мерки, меѓу кои и мерката повикување на граѓани на разговор".

Ова прашање и овој одговор, многу сте расположени, ви завидувам, ова прашање и овој одговор не случајно го потенцирам, бидејќи на база на ваквото толкување на законот и наводните кривични дела токму оваа полиција на чие чело сте вие, прави дар-мар мимо законот и не почитувајќи никаква постапка, особено кога се во прашање, студентите, професорите и другите лица ангажирани на тетовскиот универзитет.

По сите норми и меѓународни стандарди со образовните институции и граѓаните ангажирани во нив најмалку има право да се занимава полицијата. Вие, како добар познавач на оваа проблематика

овој факт добро го знаете, но, напротив, го негирате со што и де - факто потврдувате дека претставувате еден ментален склоп на луѓе кои ама баш ништо немаат заедничко со светлите традиции на демократичноста и хуманоста што си ја присвојувате за себе на ваш познат начин.

Со мене имам понесени многу изјави на граѓани на оваа држава повикани на такви информативни разговори и на кои информативни разговори се разговарало за политика, за образование, за економија и ред други нешта и содржината на овие изјави најилустративно потврдува дека ваквите информативни разговори се, пред се, со цел создавање на ментален теророт кај тие граѓани, прекршувајќи го најелементарното право за слободна комуникација и живот загарантирани со Уставот и многуте меѓународни конвенции.

Тетовскиот универзитет е јавна народна институција. Истиот јавно ја обавува својата дејност. Немате потреба да ги малтретирате луѓето ангажирани во оваа институција во функција на откривање на некакво си кривично дело, бидејќи такво дело нема. А, ако вие мислите дека постоењето на универзитетов е кривично дело, тогаш сте во голема заблуда, бидејќи ризикувате да го прогласите и чинот на постоењето на албанскиот народ во Македонија како кривично дело, бидејќи токму тој народ е основач на таа институција.

Полицискиот наместо политичкиот односно образовниот третман од страна на оваа Влада кон Универзитетот во Тетово дефинитивно ја дијагностифицира оваа власт , а особено полицијата како власт која, ама баш ништо нема заедничко со сето она што е прокламирано и во највисоките акти на оваа држава, и во меѓународните акти.

Тие информативни разговори како и голем број на претресувања на домови, коли, конфискација на литература, индексации, без никаков напишан документ докажуваат во континуитет дека довчерашните

идеолошки непријатели на база на вербалниот деликт денеска се унапредени во државни непријатели. Идеолошката основа што до вчера беше подлога за нивно прогонување, денеска де јуре не постои. Но, затоа тука е државата, изградениот фетиш за неа на база на кој нов фетиш се реинкарнираат старите мостри и матрици кои произведуваат со новата терминологија квази демократура нелојални, антидржавни, неподобни, радикални, екстремни и што не друго елементи наспроти довчерашните националисти,иредентисти, контрареволуционери и за нив дежурниот прогонител од секогаш - полицијата.

Во прилог ќе ви прочитам неколку покарактеристични изјави на лица кои биле подложени на такви информативни разговори. Ќе напомнам дека тука пред мене имам некаде над 35 такви изјави, па заедно ќе ги прокоментираме. За што полицијата ги прашува граѓаните на РМ кои секогаш по националност се албанци.

Изјавата на господин Халил Халили, само дел од таа изјава кажува: - Разговорот со мене го водеше командирот на полицијата ХУ во врска со одржувањето на бруцошијадата на Универзитетот во Тетово што беше одржана на 13 и 14 јануари 1996 година во ресторанот чиј сопственик сум јас.

Ме предупредија и заканија друг пат да не се бавам со такви работи и ме прашале дали се појавиле професорите со некакви реферати и тн.

Значи, на полицијата и е битно ако некој сопственик на некој угостителски локал кој ќе му биде консуматорот односно потрошувач на неговите услуги. Тоа е вон секоја логика, тоа е кршење на елементарното право за слободно обавување на стопанска дејност па независно што во случајов е организирана бруцошијада од страна на институција која, според оваа Влада била ваква или таква. Тоа , во никој случај не може да му го одземе правото на обавување на стопанска дејност на било кој

субјект. Полицијата можеби треба да го прогонува ако дотичниот господин не ги подмирува јавните давачи по однос ан државата. А, кој ќе биде консуматор на неговите услуги во таа сфера, во никој случај нема право да навлегува. Така барем кажува уставот, така кажуваат законите, така е нормирано меѓународното право и овој луксуз само кај нас може да се случува.

Понатаму, две изјави земени од страна на полицијата на новинарите Решад Ќаили и Шаип Емарлау..

Изјавата; од новинарот на Флака Решат Каили: во подолгата изјава, за да не го заморувам овој парламент, полицијата се интересира за разговорот што г-динот го имал, "разговорот го почна со тоа кога сум се сретнал со амбасадорот со Република Албанија акредитиран во РМ и за содржаната на тој разговор. Понатаму истите ме прашаа колку плата земам за ангажманот во Тетовскиот универзитет дали сум свесен дека тој универзитет е нелегален, дека е параунивензитет и, меѓу другото, на крај ми рекоа дека нема потреба да создаваш проблеми туку треба да си ја гледаш својата работа и да не се ангажираш на тој универзитет поради познати причини1.'

Додека , што се однесува до г-динот Шаип Емарлаху, полицијата е толку загрижена што на г-динот му забележува за неговите извештаи што дотичниот г-дин ги дава за одредени редакции и новини јавни информативни гласила и понатаму, што сигурно ќе се согласите г-дин Чокревски во никој случај не спаѓа во надлежност на полицијата. И ред такви и многу други работи во кои на крајот на секо разговор е секогаш заканувањето - доста со таквите дејности, бидејќи со вас и со сите тие што се занимаваат со вакви работи ќе стане ова или тоа.

Е сега, кога ќе се анализира сето ова од овие две карактеристични многу други изјави излегува фактот дека полицијата  цело време се

занимава со универзитетот, политиката, економијата информативната активност на новинарите и што не друго, што многу малку има сличности со нејзината функцијата, сервис на граѓаните заштита на законитоста во нивниот домен и борба против криминалот и другите нивни појави.

Проблем во себе претставува особено линчувањето што вашите потчинети го прават особено начелници - активисти на политички партии според вашите критериуми на "демократичноста и хуманоста" се прогласени за нелојални и непријателски субјекти и лица, во која група особено приоритетно место сте му дале на тетовскиот универзитет и на ПДП на албанците чиј член сум јас.

Досиејата , значи досиејата прислушувањата на телефони и ред други некоректни постапки на вашите полицајци го пополнуваат недемократичниот и нехуманиот амбиент на кои токму вие сте му ум, бидејќи стоите како број еден на чело на овој ресор, Ваквите незаконите дејствија се прават врз пратеници на овој дом, претседатели на партии и други одговорни лица ангажирани во разни политички и неполитички асоцијации.

Почнувајќи од себе значи се прислушува телефонот мој веќе две и повеќе години, често пати заедно со другите колеги сме претресувани од страна на вашите полицајци, без повод и со повод. А, г -динот Шаќири пред одредено време беше претресен и со помош на кучиња што ви служат како инструмент односно помагала. Па, сега, анализирајте ги овие работи кога на нас како луѓе кои имаме народен имунитет тоа ни се прави, што се случува со другите. ;

Треба да сте многу самокритични пред овие состојби, а не да се фалите дека вашата наводна трансформација на МВР оди по нагорна линија.

XI/8

Значи , постапките кои полицијата ги превзема против студентите, професорите, новинарите и другите граѓани кои инаку мислат во однос на вашата гарнитура претставуваат вистински линч а не амбиент на линч, како што. напомнувате во вашиот одговор. И, сето тоа под ваша диригентска палка, прворазредна хипокризија за еден човек кој, според неговиве критериуми, е самопрогласен за голем борец за демократичноста и хуманоста.

Од друга страна, од како вие сте на чело на овој ресор, вашите полициски сили секој ден вршат ненајавени маршути, рано наутро или доцна навечер, делувајќи во стилот на американските каубојци од пред два или три века,влегувајќи по разни домови и куќи, вознемирувајќи ги недолжните граѓани, трагајќи по албанските државјани кои привремено се присутни кај свои познаници и пријатели или на друг начин, својствен на тоталитарните режими. Особено оваа појава е многу присутна во последниот месец во општина Гостивар, особено во електеротатот што јас го покривам. Мимо фактот што често пати е укажано дека не смеат така да влегуваат во домови на граѓани и тоа наутро, спиејќи луѓето или доцна навечер, се продолжува со исто темпо, некогаш со зголемен интензитет.

Во оваа насока особено ќе во спомнам еден конкретен пример на најеклатантен случај што се случи на еден мој сограѓанин синот на Кетеби Лура кој беше испотепан до бесвест затоа што човекот слабо говорел македонски јазик. Полицајците, мислејќи дека е човекот граѓанин на Република Албанија го испотепаа до бесвест.

**РУФИ ОСМАНИ**: (ПРОДОЛЖЕНИЕ)

Истиот долго време лежел во болницата во Гостивар, па би било пожелно овој случај да го испитате и со оглед на вашите компетенции да ја утврдите одговорноста, бидејќи чинот е сосема конкретен и личен.

Што се однесува до третманот на албанските граѓани од вашата полиција тој третман е за секоја критика.

Вашите полициски комбиња личат на возила кои носат компири, а не луѓе, господине Чокревски. Натрупувате испотепани до бесвест искрвавени граѓани на Република Албанија до 20 или 30 души во возила со капацитет од само девет места. Сто тоа го правите во духот на вашата толку рекламирана квази политика на еквидистанца. Додека пак што се однесува до мистериозните убиства, како што беше случајот на еден граѓанин од село Форино Гостиварско и да не спомнувам. Тие убиства како по нарачка остануваат сомнителни до крај со нерасветлени токму поради наодите што ги пишуваат чиновници од вашето Министерство.

Недоличното однесување на вашата полиција не само кон граѓаните од други држави, во случајот Албанија, туку и за Албанците кои се граѓани на оваа држава, а особено кон нашите граѓани привремено вработени во странство при доаѓање и заминување од Македонија сообраќајните контроли и казните на претек исклучиво само за Албанци, особено од крајот од каде што доаѓа, и ред други нешта ви го одземаат моралниот легитимитет и кредибилитет да глумите во вашиот одговор дека наводно вашиот систем на вредности се карактеризирал со демократичност и хуманост.

Вашето раководење со оваа институција го потврдува токму спротивното. Додека, што се однесува пак до трагичниот проблем со

државјанскиот статус во која постапка и процедура најголемите проблеми ги прават токму вашите чиновници ќе се осврнам во дебатата за Информацијата за државјанскиот статус.

Одете и предавајте на факултет. Таму ви е местото господине Чокревски. За прифаќање на интерпелацијата и за разрешување на господинот Чокревски како прв чекор кон разрешување на оваа Влада и распуштање на овој дом. Благодарам.

**СТОЈЧЕ КОВАЧЕВСКИ:**

Сакам како пратеник на овој Парламент да искажам неслагање со начинот на обраќањето на пратеник од оваа говорница што мислам дека е еден преседан од шестгодишното постоење на Парламентот на Република Македонија.

Забележувам на претседавачите, и на претходниот, потпретседателот на Собранието Филиповски и на Тито Петковски што дозволија една невидена канонада, тортура на едно излагање надвор од темата на дневниот ред. Ние имаме тука интерпелација за конкретна забелешка на изјава на министерот за внатрешни работи.

Сметам дека денес е злоупотребен пратеничкиот имунитет. Начинот на обраќањето директно, жестоко, јас барем не познавам, ниту сум чул, ниту сум видел обраќања слични и во други парламенти во светот. Обраќањето ми личеше повеќе на линч не само кон министерот, туку еден линч на Министерството со тенденција на лична некои државни институции во Македонија. Сметам дека е повредено достоинството на овој дом и пратеникот воопшто како поединец, сите 120 колку што не има тука.

На крајот ако веќе директно се обраќаше колегата кого вистински го ценам неговиот интелектуален потенцијал. Меѓутоа денес злоупотребен

криво да се залага за демократија, ред, дисциплина, да си толку загрижен да Република Македонија, за државата а да бидеш директен организатор на митинзи каде што апсолутно нема ниедно обележје на државата Македонија чии пратеници сме ние и вие колега овде е една тешка демагогија и сметам дека навистина нешто што треба сите да не замисли, а исто така и вашата партија и вие лично. Вашето однесување денеска можеби е комплимент за демократијата во Македонија бидејќи сметам дека апсолутно ако нешто треба да се забележи е тоа што ние повеќе дена веќе низ Македонија вие како директен организатор и вашите соработници организирате невидени митинзи...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам тоа излегува надвор од деловничката интервенција.

Има збор господин Руфи Османи.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Прво, мислам дека мојот говор овде беше на сосема подносливо ниво. Бев малку инспириран од расположението на господинот министер кој цело време се смееше, што е негово право, сигурно.

Понатаму, воопшто не мислам дека со мојот говор е повредено достоинството на овој дом. Тоа е мојот стил господа, сигурно се научивте веќе две години.

(Реагирање на пратениците од место).

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам... продолжете.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Ќе имаш прилика, ќе имаш прилика...

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам немојте и вие сега да разговарате со пратениците.

**РУФИ ОСМАНИ:**

Што се до митинзите тие се само една појава, една нормална реакција, еден голем протесни револт на причините, кои причини токму во овој дом се нормирани и кои причини токму овој дом не сака на адекватен начин да ги разреши во добробит на сите граѓани на Република Македонија. Пред таа вистина треба вие да се замислите што имате мнозинство во овој дом.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Молам, да се разбереме ниту мојата функцијата на претседавачот не е едукативна. Јас овде треба да го почитувам Деловникот во водењето и раководењето со седницата. Тој што говори е пратеник, секако говори за себе и е пред судот на јавноста. Според тоа можеме некои работи да ги коригираме со новиот деловник. Засега тие се овластувањата на претседавачот.

Збор бара господинот Коцевски процедурално.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Бидејќи дискусијата малку се измрдува од основната точка од дневниот ред и може да има некои несакани ефекти и во име на пратеничката група на Либералната партија предлагам да ја прекинеме тука денешната расправа и да продолжиме утре.

XII/4.-

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Ве молам, вие можете да барате пауза, а ако барате да се прекине по предлогот треба да гласаме.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Ако. треба пауза, тогаш да побараме пауза.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Дефинирајте го предлогот.

**АЦЕ КОЦЕВСКИ:**

Молам пауза до утре до 10 часот.

**ТИТО ПЕТКОВСКИ:**

Продолжуваме со работа утре во 10 часот.

(Седницата прекина со работа во 18,10 часот).